5. ЗИМАК Битола	Градежништво	26.01.2026	4 г
6. БВ Инженеринг Битола	Градежништво	20.01.2026	4 г
7. Печатница Мите Богоески Ресен	Графичарство	16.02.2026	Неопределено
8. АД Осигурителна полиса Скопје	Сообраќај	26.11.2025	Неопределено
9. ПРЕМИУМ ПИВО Битола	Сообраќај	26.11.2025	Неопределено
10. СТЕНТОН ГРАДБА Битола	Градежна/ Рударска	06.10.2025	Неопределено

11. ПЕЛАЛИНК Битола	Сообраќај	26.11.2025	Неопределено
12. ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ ТРАНСКОП АД Битола	Сообраќај	10.10.2025	Неопределено
13.Железници на РСМ АД Скопје	Сообраќај	10.10.2025	Неопределено
14. СТУДИО ХЕРА Битола	Лични услуги	17.09.2025	Неопределено
15. ДАСКАЛОВА СИВ Битола		17.09.2025	
16. АД за поштенски сообраќај Пошта на РСМ	Сообраќај	16.09.2025	Неопределено
17. Архитектон Дизајн Битола	Градежна	23.04.2025	Неопределено
18. БРЕЈНЧАЈЛД ПРОДУКЦИЈА Битола	Текстилна	16.09.2025	
19. КРПАЧ Битола	Текстилна	29.09.2025	Неопределено
20. ММ ПАК ЕЛПЕНИК	Текстилна	29.09.2025	Неопределено
21. МИМА ТЕКС Битола	Текстилна	27.10.2025	Неопределено
22. АД Водостопанство	Текстилна	19.08.2025	Неопределено
23. НУ Народен Театар Битола	Текстилна	09.05.2025	1 г

4. Материјално-финансиско работење на средно училиште

Материјално-финансиското работење на училиштето се планира и се реализира со цел да се обезбедат основни услови за работа и унапредување на воспитно-образовниот процес.

Финансиските средства потребни за редовното работење на училиштето се планираат со Годишниот предлог-финансиски план. Усогласувањето на висината на средствата и нивната намена се врши во рамките на Буџетот на Општина Битола, кој е лимитиран со средствата определени од Централниот буџет за соодветната фискална година. Во согласност со одобрената висина на средствата во Годишниот финансиски план на училиштето, се утврдува нивната распределба за исплата на плати на вработените и за покривање на материјалните трошоци од сметката за наменска дотација – 903.

Во Годишната програма за работа на училиштето се планира набавка на опрема, наставни помагала и други материјали потребни за непречено функционирање на училиштето. Притоа, најголем приоритет се става на обезбедувањето услови за непречено одвивање на наставата, како и на тековните поправки и одржувањето на објектите и опремата со кои располага училиштето.

Во Годишниот финансиски план на училиштето, на сметката за самофинансирачки активности – 787, се планираат и реализираат средства остварени од сопствени извори на приходи, согласно со утврдената намена и важечките законски и подзаконски прописи.

Училиштето ги утврдува приоритетите за подобрување на материјално-техничките услови за учење и работа во согласност со реалните можности и расположливите финансиски средства.

Со цел обезбедување средства за реализација на поставените приоритети за подобрување на условите за работа и унапредување на воспитно-образовниот процес, училиштето во своето материјално-финансиско работење:

- планира, распределува и користи финансиски средства на законит, рационален, економичен и наменски начин;
- обезбедува услови за ефикасно и одговорно управување со расположливите финансиски средства;
- ги утврдува приоритетите за инвестирање и подобрување на материјално-техничките услови во согласност со реалните потреби и финансиски можности;
- планира и презема активности за обезбедување средства од дополнителни извори на финансирање, преку учество и аплицирање во проекти, донации и други законски дозволени извори на средства.

5. Мисија и визија

МИСИЈА

Мисија на СОУ "Таки Даскало" е **к**валитетно, современо и инклузивно образование за сите, современ образовен процес кој ќе понуди стекнување знаења и компетенции согласно современите текови, барањата на пазарот на трудот, адаптиран на индивидуалните можности и потреби на учениците. Преку примена на современи наставни методи, ИКТ технологија, практична настава и континуирано стручно усовршување на наставниот кадар, училиштето да создава услови за стекнување знаења, вештини, креативност, иновативност, компетитивност и конкурентност на пазарот на труд, истовремено и поттикнување на демократските вредности на учениците и наставниот кадар, мотивацијата за напредување, инклузивност и соработка меѓу учениците и наставниците, соработка со родителите, локалната заедница, грижа за унапредување на здравјето и безбедноста на учениците, унапредување на училишната клима, заемната почит, тимската работа и поттикнување на кариерниот и професионален развој на учениците и наставниците.

ВИЗИЈА

Визијата на СОУ „Таки Даскало" Битола е да биде современо училиште кое им нуди на учениците квалитетно гимназиско и стручно образование, усогласено со европските образовни стандарди и потребите на пазарот на трудот, преку следење на современите форми и методи кои се применливи во практиката и мотивирање на наставниот кадар за континуирано професионално усовршување, апликативни знаења согласно современите европски и светски трендови. Нашата визија ќе ја остариме преку континуирано унапредување на наставниот процес, меѓународна соработка, примена на современа образовна технологија, соочување со предизвиците на современиот образовен систем, градење демократски вредности, демократска култура, приспособливост на наставниот кадар на современите текови, развој на компетенциите за соработка, емпатичност, ентузијазам, јазични комуникациски вештини за интер и интра културен дијалог, создавање генерации ученици кои се стручно оспособени, самостојни, креативни, одговорни и подготвени за успешно вклучување во современото општество и конкурентни на пазарот на труд.

6. Претходни искуства и постигнувања

Кариерно напредување во звања ментор

Стручно усовршување на наставниот кадар и имплементација на стекнатите искуства во воспитно-образовната практика е еден од приоритетите на Училиштето во учебната 2026/27 година. Безрезервната поддршка на менаџерскиот тим за следење на развојните промени во воспитно-образовниот процес на државно и меѓународно ниво придонесува за основа во целокупниот развој на личноста на наставникот и следење на концептот за доживотно учење.

Во таа насока би истакнале како еден од успесите на СОУ Таки Даскало во делот на професионално и кариерно усовршување е кариерното напредување во 2026 година, во звања ментор на две професорки: **Весна Мундишевска-Велјановска која е унапредена во звање наставник-ментор и м-р Марија Младеновска-Димитровска, која е унапредена во звање стручен соработник психолог-ментор на ниво на Општина Битола**, кои освоија максимални поени на оценувањето на нивната работа кое се спроведе од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и училиштето. Кариерното напредувањето претставува значајно признание за нивната долгогодишна посветеност, љубов, професионалност, знаење, стручност, компетентност, континуиран професионален развој, макотрпна работа, креативност, енергија, искуство, максимално вложување и придонес во развојот и унапредувањето на наставата и признание за извонредни постигања во воспитно-образовниот процес, а исто така е доказ за квалитетот на наставниот кадар кој работи во СОУ "Таки Даскало".

Исто така би ги истакнале и наставниците кои ги исполнаа условите на Конкурсот објавен од страна на Министерството за образование и наука за напредување во звање ментор и ги имаа потребните поени за да ја поминат првата фаза, Валентина Богојовска, наставник по англиски јазик, Валентина Ацевска, наставник по математика, Анета Димовска, наставник по математика, Александар Трајковски, наставник по графички стручни предмети, говори за квалитетот на наставниот кадар кој работи во СОУ "Таки Даскало" Битола и за нивниот континуиран професионален развој.

Кариерен развој на наставниците

Миле Атанасоски е избран за член на секторска комисија за графичарство во рамките на Националната рамка за квалификации номиниран претставник од ЦРСО.

Учество во тим за ревизија на наставните програми и пишување на Прирачник за Основи на графички дизајн и Основи на графичарство со сродни сектори на наставниците **Миле Атанасоски и Николче Јоноски.**

Издавање на учебник по Техничко уредување на публикации за втора година графички уредник-дизајнер чии автори се **Весна Мундишевска-Велјановска, Катерина Спасовска-Маурдева и Валентина Ристеска.**

Издавање на учебник по предметот Осигурување за II година за профилот техничар за логистика во сообраќајот, од авторот **Драгица Здравковска,** наставник по сообраќајни стручни предмети.

Издавање на учебник по предметот Финансиско работење за II година за профилот техничар за логистика во сообраќајот, од авторот **Драгица Здравковска**, наставник по сообраќајни стручни предмети.

Издавање на учебник по предметот Урбанизам за III година изборен за профилот техничар за патен сообраќај, од авторот **Драгица Здравковска,** наставник по сообраќајни стручни предмети.

Награди и признанија

Што се однесува до добиени награди и признанија би ги истакнале доделена **Златна плакета за инсклучителен придонес и несебична долгогодишна соработка со НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола доделена на Весна Мундишевска-Велјановска за 2025 година** и **признанието „Завештание Бабино“ 2026 за негување на трајни вредности на Демирхисарскиот крај, доделено на Милица Димитријовска-Радевска**, доделено од Здружение за негување на културните вредности „Завештание Бабино“.

Во делот на меѓународната соработка би ги истакнале успешно реализираните меѓународни Еразмус проекти. Едниот Еразмус проект е “Единствени и активни, чиј координатор е Гордана Јордева, наставник по информатика, со успешно реализирани мобилности во Бугарија, Битола, Италија, Хрватска и Португалија. Другиот Еразмус проект е “Обединети училишта“, координатори Даниела Митревска, пом,директор и Кики Младенова, наставник по англиски јазик со успешно реализирани мобилности во Битола, Словачка и Турција.

Учество на завршна Еразмус конференција “Ин култура“ на Весна А. Трајковска, наставник по македонски јазик и претставници од ИТЕМ- Р.М. во КАРАВАН - Турција, АКЕТХ- Грција.

Учеството на меѓународен психолошки форум „Детето во дигиталниот свет“- Москва, Русија по четврти пат на психологот-ментор Марија Младеновска-Димитровска во организација на Факултетот за психологија при Државниот Московски универзитет „Ломоносов“ и Руското психолошко друштво и на IV Меѓународна научна-стручна конференција „Приказ на случаи во психотерапија“ во организација на Академија за интегрална психодинамска психотерапија, меѓународна асоцијација за интегрална- каузална психотерапија Сојуз на психотерапевти- Србија, ЕАРПП- Виена и Русија.

Учество на Е-твининг обуката “Celebrate what unite us” на Јулијана Јосифовска во Регензбург, Германија,

Учество на Меѓународната конференција REMA Reimagining education in the modern age, на Весна Мундишевска-Велјановска, наставник-ментор по графички стручни предмети во организација на Педагошкиот факултет при УКЛО Битола, како и учеството на Втората меѓународна конференција “Библиотекарот денес – професија во трансформација“.

Во однос на успешно реализирани национални проекти од МОН, реализирани со меѓународна поддршка на Советот на Европа и Германската влада, е завршувањето на првата пилот фаза на проектот “Квалитетно образование за сите“ и отпочнување на фаза 2, кој го реализира проектниот тим во состав Ристо Грујовски, директор, Марија Младеновска Димитровска, координатор на проектот, Милица Димитријовска Радевска, Жанета Сиваков, Валентина Богојовска и Мирјана Гичевска.

Реализирани проекти од локален и регионален карактер е и проектот на Про локал “Младински политики по мерка на младите“ “Менталното здравје кај младите“, имплементиран од Амбасада на Кралството Холандија, Општина Битола, чиј координатор за средните училишта од Општина Битола беше психологот Марија Младеновска-Димитровска.

Успешно реализирани обуки за наставниот кадар, во организација на МОН, БРО, Глобал нет “Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците“, и “Напредна обука за методи, техники и инструменти за советување и кариерно насочување“ - обучувач психолог-ментор Марија Младеновска Димитровска.

Учество на 34 стручни обуки и сертификации, со фокус на: Дигитални алатки и интерактивна настава, Одржлив развој и размислување, Вештачка интелигенција (AI) 30 обуки во различни форми (микро-курсеви, мајстор-класи, практични работилници, Браинстер академија) МОН

Кариерно советување од МОН, Менторска програма за студент по наставна математика при ПМФ Скопје на Валентина Ацевска, наставник по математика и кариерен советник.

Успешно се реализиран и регионалните проекти „Училиштата се среќаваат со компаниите“ и „Обезбедување квалитет за работата на координаторите за врски со компаниите“, во кој учествуваше Валентина Маневска, наставник по рударски стручни предмети и координатор за практична настава.

Учениците заедно со нивните ментори постигнаа значајни резултати на општински, регионални и државни натпревари по математика, историја, натпревари по шминкање, Хакатон јуниор аџивмент, МАСУУМ Образовно рандеву, германски јазик, стрелаштво, пинг-понг.

7. Подрачја на промени, приоритети и цели

<table>
<tr><td colspan="6">Приоритетно подрачје 1: УЧЕЊЕ И НАСТАВА: Унапредување на квалитетот на наставниот процес, процесот на учење, кариерен развој на учениците и младински активизам</td></tr>
<tr><td colspan="6">Стратешка цел 1: Обезбедување квалитетна, современа и ефикасна настава преку примена на современи наставни методи, дигитални технологии и континуирано професионално усовршување на наставниците</td></tr>
<tr><td colspan="2">Развојна цел:
1.1.Примена на современи наставни методи и дигитални алатки во наставата,</td><td colspan="2">Очекувани резултати</td><td colspan="2">Индикатори за успех</td></tr>
<tr><td colspan="2">Подобрување на квалитетот на наставниот процес, следење на современите текови во воспитно-образовниот процес, создавање квалитетен наставен кадар кој ќе биде во тек со брзиот техничко-технолошки развој, и дигиталната технологија, создавање мотивиран и компетентен наставен кадар, квалитетни наставни планирања во функција на создавање на вештини и знаења кај учениците, поттикнување на мотивацијата за учење, поттикнување на критичкото мислење, раавој на способностите за решавање проблеми, стекнување на теоретски и практични вептини применливи во секојдневното живеење и на пазарот на трудот.</td><td colspan="2">Подобрени компетенции и вештини кај наставниот кадар за примена на користење на современи методи и техники на настава и поттикнување на критичкото мислење и проблемско решавање на проблеми;
подобрени компетенции на наставниот кадар за примена на дигиталните алатки во наставата;
поголеми постигања кај учениците и зголемена мотивација за учење;
зголемена мотивација за работа кај наставниот кадар и поголемо задоволство од работата</td><td colspan="2">Зголемен број на наставници кои користат современи методи и техники на работа;
зголемен процент на наставници кои користат различни дигитални алатки, и интерактивна настава; подобрен квалитет на наставата и поголеми знаења и постигања кај учениците; поголема активност и мотивација кај учениците</td></tr>
<tr><td>Задачи</td><td>Активности</td><td>Ресурси</td><td>Временска рамка</td><td>Носители</td><td>Тим за следење</td></tr>
<tr><td>да се организираат континуирано обуки за наставниот кадар за примена на современи методи и техники на настава; да се организирааат обуки за наставниците за примена на дигиталните алатки;
да се спроведуваат континуирано и</td><td>организирање обуки за наставници за користење на современи методи и техники на настава и примена на ИКТ

Изработка и примена на дигитални наставни содржини

Организирање интерактивни</td><td>човечки ресурси
ИКТ опрема,
финансиски средства за обуки за наставниот кадар,
Современи наставни материјали, помагала и средства
Современа</td><td>Континуирано во текот на учебната 2026-27 година</td><td>Директор,
стручна служба
наставници
стручни активи</td><td>Тим за квалитет,
Тим за стратешко планирање
Тим за професионален развој,
Тим за анализа, следење и оценување,
Стручни соработници.</td></tr>
</table>

интерни обуки за наставниците за подобрување на компетенциите во наставата; да се соработува континуирано со релевантни институции за поттикнување на поддршката во професионалниот развој; да се учествува на семинари, конгреси, конференции за стручно усовршување	работилници и обуки	опрема и алатки Финансиски средства од училиштето, Општина Битола, МОН, БРО, Еразмус проекти, донации			
Развојна цел: **1.2. Подобрување на процесот на следење и оценување на постигањата на учениците**		**Очекувани резултати**		**Индикатори за успех**	
Да се подобри квалитетот на оценувањето на постигањата на учениците согласно современите трендови во воспитно-образовниот процес, Да се применат различни форми на оценување поттикнување на мотивацијата за учење, развој на критичкото мислење, развој на способностите за проблемско решавање на задачи, стекнување на теоретски и практични вептини применливи во секојдневното живеење и на пазарот на трудот.		Подобрени компетенции и вештини кај наставниот кадар за примена на користење на современи форми на оценување на учениците; подобрени компетенции за објективно оценување согласно способностите на учениците и нивните капацитети; зголемена мотивација за учење; Подобрени резултати од учење; поголем број на учества на натпревари и освоени награди		Зголемен број наставници кои користат различни современи форми и методи на оценување; зголемен процент на наставници кои имаат вештини за објективно оценување, подобрен квалитет на наставата; подобрени постигања и резултати кај учениците за 0.2%; поголема активност и мотивација кај учениците, поголемо задоволство од процесот на учење; јакнење на натпреварувачкиот дух кај учениците и компетитивноста; Зголемување на бројот на освоени награди и признанија и учества на натпревари Зголемен процент на присутни ученици на дополнителна и додатна настава Зголемен број на реализирани средби со	

				ученици, родители, класни раководители и наставници за подобрување на успехот Зголемена примена на интерактивни методи, ИКТ во наставата, индивидуализиран пристап во наставата преку диференцирани методи	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Да се организираат континуирано обуки за наставниот кадар за примена на современи форми и методи за оценување на постигањата на учениците; да се организираат обуки за наставниците за примена на дигиталните алатки во процесот на оценување; да се спроведуваат и интерни обуки за подобрување на компетенциите за објективно оценување на постигањата на учениците; да се соработува со стручната служба околу унапредување на процесот на оценување на учениците согласно нивните можности, капацитети и	Организирање обуки за наставници за примена на современи форми и методи на оценување Континуирано следење и анализа на напредокот на учениците Организирање дополнителна и додатна настава Мотивирање на учениците за поголеми постигања и поттикнување на натпреварувачкиот дух	човечки ресурси финансиски средства за обуки за наставниот кадар, Современи наставни материјали, помагала и средства Анализи и извештаи	Континуирано во текот на учебната 2026-27 година	Директор, стручна служба наставници стручни активи Одговорни наставници за воннаставни активности Кариерни советници	Тим за квалитет, Тим за стратешко планирање Тим за професионален развој, стручни соработници.

способности; соработка со релевантни институции за поттикнување на поддршката во професионалниот развој во делот на современите начини на оценување.					

Развојна цел: **1.3. Континуирано стручно усовршување на наставниците, преку обуки, семинари, проекти**	**Очекувани резултати**	**Индикатори за успех**
Да се подобрат стручните комптенции на наставниот кадар и стручните соработници за квалитетен воспитно-образовен процес, следење на современите текови во време на брз и интензивен технолошки развој	Подобрени компетенции и вештини кај наставниот кадар за примена на користење на современи методи и техники на настава за примена на дигиталните алатки во наставата; подобрени вештини за изготвување на квалитетни годишни тематски и дневни планирања, подобрени вештини за изготвување на индивидуални планови за ученици со посебни образовни потреби, поквралитет образовен процес и повисоки постигања на учениците	Зголемен број на наставници кои учествуваат на обуки, конференции, семинари, конгреси, Подобрени професионални компетенции, Размена на добри практики, Примена на различни современи методи и техники на работа; зголемен процент на наставници кои користат различни дигитални алатки, и интерактивна настава; Подобрени вештини за примена на индивидуализиран пристап во наставата; квалитетни изработени годишни, тематски и дневни планирања, квалитетни изготвени ИОП-и, подобрен квалитет на наставата поголеми постигања кај учениците;

Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Да се идентификуваат потребите за стручно усовршување на наставниот кадар заедно со Тимот за професионален развој; Да се направи анализа на	Идентификување на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар од страна на Тимот за професионален развој	човечки ресурси финансиски средства за обуки за наставниот кадар, ИКТ Финансиски средства од училиштето, Општина Битола, МОН, БРО,	Континуирано во текот на учебната 2026-27 година	Директор, стручна служба наставници стручни активи Еразмус тимови	Тим за квалитет, Тим за стратешко планирање Тим за професионален развој,

потребите на наставниот кадар за стручно усовршување од страна на Тимот за професионален развој Да се изработи програма и стратегија за професионален развој на наставниците со јасни цели и приоритети во стручното усовршување на наставниот кадар, Да се организираат обуки за наставниот кадар и стручните соработници за зголемување на нивото на стручните компетенции за квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес, за инклузивно образование, за работа со ученици со ПОП и подобрување на компетенциите за индивидуализиран пристап во наставата Да се подобрат професионалните компетенции за примена на различни активни методи на настава и интерактивно учење Да се зголеми поддршка на наставниот кадар од страна на стручната	Изработка на програма за професионален развој на наставниците со јасни цели и приоритети за стручно усовршување Изготвување на план за личен професионален развој на наставниците и стручните соработници;; Реализација на обуки за наставниот кадар и стручните соработници за зголемување на нивото на стручните компетенции за квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес за инклузивно образование, за работа со ученици со ПОП и подобрување на компетенциите за индивидуализиран пристап во наставата; Интерни обуки од страна на наставници и стручни соработници	Еразмус проекти, донации			стручни соработници ментори

служба; Да се поттикне поголема вклученост во проекти кои поддржуваат професионален развој на наставниот кадар и стручната служба преку МОН, БРО, ЦРСО, Еразмус Да се искористат внатрешните капацитети и стручни компетенции на стручните соработници и наставниците за реализирање интерни обуки за наставниот кадар	Поголема соработка меѓу стручната служба и наставниците Вклучување во проекти кои поддржуваат професионален развој на наставниот кадар и стручната служба преку МОН, БРО, ЦРСО, Еразмус				
Развојна цел: **1.4. Примена на дигиталните алатки во наставата и воспитно-образовниот процес**		**Очекувани резултати**		**Индикатори за успех**	
Да се подобрат стручните комптенции на наставниот кадар и стручните соработници за примена на дигиталните алатки и вештачката интелигенција во наставниот процес, во подготовка на наставните содржини и и да се подобрат вештините и на наставниците и на учениците за безбедна употреба на вештачката интелигенција		Подобрени компетенции и вештини кај наставниот кадар за примена на користење на ВИ во наставата; Иновативни и креативни планирања на наставните часови; Да се искористат предностите на ВИ за поинтересни часови за учениците и за работа со ученици со ПОП, поквалитетен образовен процес и повисоки постигања на учениците поголемо знаење и свесност за безбедна употреба на ВИ		Зголемен број наставници кои се обучени за примена на ВИ, подобрен квалитет , креативност и иновативност во наставата, поинтересни креативни наставни часови; зголемен интерес кај учениците на часовите и поголема мотивација за учење; Размена на добри практики, Примена на различни современи методи и техники на работа со помош на ВИ; Подобрени вештини за примена на ВИ во индивидуализиран пристап во наставата со ученици со ПОП; подобрен квалитет на наставата поголеми постигања кај учениците; зголемена свесност и знаење за безбедно и етичко користење на ВИ	

Задачи	Активности	Ресурси	Временска рамка	Носители	Тим за следење
1.4. да се идентификуваат потребите за стручно усовршување на наставниот кадар заедно со Тимот за професионален развој за стекнување вештини за користење на ВИ; Да се вметне во програмата за професионален развој на наставниците , Да се организираат обуки за наставниот кадар и стручните соработници за зголемување на нивото на компетенциите за безбедна и етичка примена на ВИ во воспитно-образовниот процес, во работата со ученици со ПОП и за индивидуализиран пристап во наставата Да се подобрат професионалните компетенции за примена на различни ВИ алатки за интерактивно учење Да се поттикне поголема вклученост во проекти кои се поврзани со развој на вештини за користење на ВИ преку МОН, БРО,	1.4. Идентификување на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар од страна на Тимот за професионален развој за користење на ВИ ; Анализа на потребите на наставниците за развој на компетенции за користење на ВИ и вметнување во програмата за професионален развој на наставниците како и во личен професионален развој на наставниците и стручните соработници;; Реализација на обуки за наставниот кадар и стручните соработници за зголемување на нивото на стручните компетенции за безбедна и етичка примена на ВИ во воспитно-образовниот процес, употреба на	човечки ресурси финансиски средства за обуки за наставниот кадар, ИКТ Финансиски средства од училиштето, Општина Битола, МОН, БРО, Еразмус проекти, донации	Континуирано во текот на учебната 2026-27 година	Директор, стручна служба наставници стручни активи Еразмус тимови	Тим за квалитет, Тим за стратешко планирање Тим за професионален развој, стручни соработници ментори

ЦРСО, Еразмус Да се реализираат интерни обуки и дисеминации за наставниот кадар	ВИ при работа со ученици со ПОП и подобрување на компетенциите за индивидуализиран пристап во наставата; Интерни обуки, дисеминации и работилници за етичка и безбедна примена на ВИ Вклучување во проекти за развој на вештините за користење на ВИ				

Приоритетно подрачје 2: ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА					
Стратешка цел 2: Модернизација и унапредување на училишната инфраструктура, кабинетите и наставните средства со цел создавање безбедни, функционални и современи услови за реализација на квалитетна теоретска и практична настава и УПР					
Развојна цел: **2.1.Подобрување на безбедноста и функционалноста на училишниот простор**		**Очекувани резултати**		**Индикатори за успех**	
Подобрување на условите за работа и учење, за изведување на практична настава, реконструкција на училници, кабинети, санитарните јазли, реконструкција на внатрешните скали, подобрување на енергетската ефикасност преку современа енергетски ефикасна фасада		Подобрени услови за работа и учење, како и за изведување на кабинетската настава и практичната настава; Подобрена енергетска ефикасност Подобрена безбедност во училиштето		Инфраструктурно подобрување и осовременување на просторно-техничките услови за работа во училиштето Повисок квалитет за изведување на практична настава Поголема безбедност во училиштето Зголемена енергетска ефикасност и заштеда на енергија, намалени трошоци	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Да се	Изработка на проект за реконструкција	финансиски	Континуирано во	Директор,	Училишен одбор

реконструираат санитарните јазли канализационата и водоводната мрежа на училиштето Да се реконструираат училници, кабинети за практична настава, Да се поодбри енергетската ефиксност на училишните згради со поставување на термичко-изолациона фасада на зградата во блок А Да се реконструира библиотеката во современ мултимедијален простор и конференциска сала за состаноци и организирање на семинари, конференции, обуки да се изготват апликации за добивање на проекти и грантови за инфраструктурно	на санитарните јазли, канализационата и водоводната мрежа на училиштето Проект за поставување на термичко-изолациона фасада на зградата во блок А Проект за реконструкција на библиотеката во современа медиотека Легализација на помошна зграда која се води како привремен објект и нејзина адаптација за работилници за стручното образование Проект за создавање на мултимедијален простор и конференциска сала за состаноци и комуникација и организирање семинари, конференции, обуки Аплицирање за добивање на проекти и грантово за инфраструктурно подобрување Изработка на проект за засебно загревање на спортските сали Уредување на металната ограда и на училишниот двор од предната страна на училиштето, Поставување на порти на главниот влез на училиштето и влезот од северната страна Санација и реконструкција на оџаците на двете згради Поставување на спомен-биста на патронот на училиштето во училишниот двор со пристапно плато Уредување на простор за Медиумскиот клуб на учениците Уредување на кабинет за природните науки	средства самофинансирачка сметка на училиштето, средства од Општина Биотла, донации, грантови проекти	текот на учебната 2026-27 година	Локална самоуправа стручни активи	Директор Тим за стратешко планирање Тим за квалитет Проектни тимови за изготвување на проектна документација вработени

подобрување на училиштето да се огради училишниот двор, санација на оџаците, да се уредат кабинети, да се набават опрема за изведување на практична настава	Набавка на нова професионална машина за чистење, правосмукалка Набавка на опрема за кабинетите Набавка на училишен и канцелариски мебел Набавка на нагледни средства за сите струки и ИКТ опрема				
Развојна цел: **2.2.Опремување на кабинетите и училниците со современа ИКТ и наставна средства и помагала**		**Очекувани резултати**		**Индикатори за успех**	
Подобрување на условите за работа и учење, подобрување на условите за изведување на кабинетска настава, практична настава; Подобрување на квалитетот на наставниот процес согласно современите текови на пазарот на трудот,		Подобрени услови за работа и учење, како и за изведување на кабинетската настава и практичната настава; Создавање компетентен кадар со соодветни теоретски и практични вештини подготвен за вклужување на пазарот на трудот по завршувањето на средното образование.		Ученици кои стекнуваат практични и теоретски знаења и вештини согласно барањата на пазарот на трудот и се подготвени да се вклучат по завршувањрот на средното образование Подобрен квалитет на наставата и поголеми знаења и постигања кај учениците; поголема активност и мотивација кај учениците на часовите	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Да се опремат кабинетите и училниците со компјутери проектори, смарт табли и современи наставни средства Да се опремат кабинетите со современа опрема и машини за	Набавка на компјутери проектори и смарт табли; Опремување на кабинетите со современи наставни средства Опремување на кабинетите со современа опрема и машини за изведување на практичната настава Изготвуваање на апликација за добивање проекти и грантови за осовременување на образовниот процес	финансиски средства самофинансирачка сметка на училиштето, средства од Општина Биотла, донации, грантови проекти	Континуирано во текот на учебната 2026-27 година	Директор, Тим за стратешко планирање Тим за квалитет стручни активи	Училишен одбор Директор Тим за стратешко планирање Тим за квалитет

изведување на практичната настава Да се направи тим кој ќе аплицира за добивање проекти и грантови за осовременување на образовниот процес					
Развојна цел: **2.3.Унапредување на условите за реализација на практичната настава и УПР**		**Очекувани резултати**		**Индикатори за успех**	
Подобрување на условите за изведување на кабинетска практична настава; Подобрување на квалитетот на наставниот процес согласно современите барања на пазарот на трудот, усогласување на практичната настава со практичната обука во компаниите		Подобрени услови во кабинетите за изведување на практичната настава; Подобрени компетенции кај учениците и практични вештини согласно барањата на пазарот на трудот. Поголема соработка со компании за кратична обука преку учење преку работа кај работодавач		Подобрени практични компетенции кај учениците и вештини согласно барањата на пазарот на трудот и Подобрен квалитет на практичната наставата Портфолија за учениците за УПР	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Да се опремат кабинетите и училниците со соремени апарати, опрема за изведување на практичната настава Да се прошири и зголеми соработката со компаниите каде учениците ќе реализираат практична настава и феријална пракса	Набавка и опремување на кабинетите со современи наставни средства, машини и опрема за изведување на практична настава и УПР Склучување на меморандуми за соработка со компании од бизнис секторот за реализација на учење преку работа кај работодавач	финансиски средства самофинансирачка сметка на училиштето, средства од Општина Биотла, донации, грантови проекти	Континуирано во текот на учебната 2026-27 година	Директор, стручни активи	Училишен одбор Директор Тим за стратешко планирање Тим за квалитет

Приоритетно подрачје 3: Развој и унапредување на инклузивното образование					
Стратешка цел 3: Создавање инклузивна, безбедна и поттикнувачка училишна средина					
Развојна цел: **3.1.Подобрување на поддршката на учениците со посебни образовни потреби**		**Очекувани резултати**		**Индикатори за успех**	
Создавање инклузивна, безбедна и поттикнувачка училишна средина во која сите ученици ќе имаат еднаков пристап до образование, поддршка за личен развој и можности за активно учество во училишниот живот		Подобрување на условите за работа и учење на учениците со ПОП Организирање работилници за инклузија и работилници со учество на учениците со ПОП Поголема интеграција во училишната средина Поголема поддршка за нивен развој согласно нивните капацитети и можности		Подобрени постигања и напредок во развојот на учениците со ПОП Активна вклученост во училишните и вонучилишните активности Безбедна училишна средина Добра интегрираност на учениците со ПОП во училиштето и добра социјализација	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Интегрирање на инклузивно то образование, инклузивно училиште кое ќе промовира толеранција, прифаќање на различностите, Инклузија и интеграција на сите ученици со посебни потреби, надарени и талентирани, ученици во социјален ризик, Припадници на ранливи категории и на различни етнички групи	Обезбедување на образовни асистенти за децата со ПОП преку Ресурсниот центар Набавка на асистивна технологија Обезбедување атмосфера за поддршка, која ги стимулира позитивните идеи за инклузивно образование, меѓуетничка интеграција во образованието, во безбедна и хармонична средина Реализација на активности од проектот за инклузивно образование, за меѓуетничка интеграција во образованието и безбедни училишта, превенција од насилство и говор на омраза и формирање на училишни тимови Вклучување на родителите во активности за инклузија и во донесување на одлуки во училиштето Соработка со Општина Битола и	финансиски средства човечки ресурси	Континуирано во текот на учебната 2026-27 година	Менаџмент на Училиштето Училиштен тим за инклузија Посебни инклузивни тимови Стручна служба Наставници Образовни асистенти Ученици Тим за училишна интеграција Тим за уредување на	Психолошко-педагошка служба Училишен инклузивен тим Тим за кариерно советување

Кариерно советување на ученици со ПОП	локалната и бизнис заедницата Градење на поволна училишна клима за поддршка на учениците Инклузија на сите ученици, согласно нивните индивидуални потреби. Давање психосоцијална поддршка на наставниците, учениците и родителите, поттикнување на мотивацијата за учење кај деца со ПОП Кариерно советување на ученици и обуки за градење на капацитети за кариерно советување на ученици со ПОП Вклучување на учениците со посебни потреби, на надарените и талентираните, ученици во социјален ризик во различни активности во училиштето и надвор од него Подготовка и оспособување на учениците со посебни потреби за вклучување на пазарот на трудот Подигнување на свесноста кај учениците за солидарност, толеранција, меѓусебно помагање и почитување			училиштето Училишен инклузивен тим Посебни инклузивни тимови класни раководители Наставници	
Развојна цел: **3.2.Јакнење на превентивните активности и безбедност и спречување насилство**		**Очекувани резултати**		**Индикатори за успех**	
Преземање превентивни активности за подобрување на безбедноста и спречување на насилството во училиштето, предавања, презентации, работилници за превенција од секаков вид насилство		Подобрена безбедност во училиштето, намалување на насилството Зголемена свесност за препознавање, спречување и превенција од насилство		Подобрена безбедност и намалување на секаков вид насилство меѓу учениците, Намалување на конфликтите во училиштето, зголемување на бројот на ученици кои се опфатени со превентивните програми за превенција и спречување	

				од насилство Поголем број обучени ученици кои ќе бидат врснички едукатори на своите соученици за превенција од насилство Организирани работилници против насилство Поголема свесност за штетните последици од насилството	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Да се организираат редовно предавања, работилници, трибини, дебати на тема насилството Да се одржува соработката со други институции како МВР и невладини организации кои се занимаваат со насилтво	Редовно одржување на предавања, работилници, трибини, дебати на тема насилството од страна на Тимот за превенција од насилство, контакт-лицата назначени за превенција од насилство и секаков вид на злоупотреба и членови на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво при Општина Битола и стручната служба Одржување на заеднички работилници со претставници од Секторот за превенција од насилство при МВР и НВО Едуцирање на врснички едукатори од Ученичката заедница кои ќе работат на превенција од насилството	човечки ресурси	Континуирано во текот на учебната 2026-27 година	Директор Тимот за превенција од насилство, контакт-лицата назначени за превенција од насилство и секаков вид на злоупотреба и членови на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво при Општина Битола Тим за безбедност и стручна служба	Менаџмент на Училиштето Стручна служба Тим за превенција од врснично насилство, занемарување и злоупотреба Тим за безбедност и самозаштита
Развојна цел: **3.3.Поттикнување позитивна комуникација, толеранција и соработка**		**Очекувани резултати**		**Индикатори за успех**	
Подобрување на условите меѓучовечките односи и училишната клима во училиштето, подобрување на комуникацијата меѓу учениците и меѓу останатите вработени		Подобрена училишна клима, намалување на конфликтите, подобрена комуникација, поголема свесност за		Подобрени меѓучовечки односи и подобрена училишна клима Подобрена комуникација	

Организирање на заеднички активности за подобрување на комуникацијата, поголема толеранција, почитување и разбирање (културни настани, спортски настани, работилници, дебати)		важноста на добрата училишна клима за успешна работа и за добри меѓучовечки односи		Поголем процент на опфатени ученици со обуки и работилници за комуникациски вештини, за толеранција и почитување Поголем број на организирани и реализирани културни и спортски настани за развивање и подобрување на соработката и толеранцијата	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Да се зголемат активностите кои ќе придонесат за градење позитивна училишна клима Поголем број работилници, предавања настани Резлирање заеднички настани со локалната заедница	Одржување предавања, работилници, трибини, дебати на тема подобрување на комуникацијата и меѓучовечките односи, позитивна училишната клима во училиштето, Одржување културни настани и хепенинзи за поттикнување на соработката и толеранцијата Одржување на спортски натпревари Предавања и дебати од страна на Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, стручната служба	Човечки ресурси	Континуирано во текот на учебната 2026-27 година	Менаџмент на Училиштето Стручна служба Стручни активи Тим за надарени и талентирани Тим за меѓуетничка интеграција Тим за односи меѓу сите структури во училиштето Тим за ревизија, измена и ажурирање на кодексите во училиштето	Менаџмент на Училиштето Стручна служба Тим за односи меѓу сите структури во училиштето Тим за самоевалуација на училиштето
Приоритетно подрачје 4: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР					
Стратешка цел 1: Континуиран професионален и кариерен развој на наставниот кадар					
Развојна цел: 4.1.Подобрување на професионалните компетенции на наставниот кадар согласно современите текови		**Очекувани резултати**		**Индикатори за успех (квантитативни и квалитативни)**	
Училиштето да изгради систем на континуиран професионален развој и стручно усовршување, градење на систем на поддршка во кој секој наставник и стручен соработник ќе има можност да ги развива своите		Зголемени професионални компетенции на наставниот кадар преку континуирано учество во различни форми на стручно усовршување.		Процент на наставници и стручни соработници опфатени со анализа на потребите за стручно усовршување. Процент на наставници и стручни	

компетенции, Континуиран професионален развој кој одговара на современите предизвици, препознава и ги почитува индивидуалните потреби на учениците и создава средина во која знаењето, креативноста, критичкото мислење и личниот развој се меѓусебно поврзани. да ги споделува своите искуства и да придонесува кон заедничката визија за квалитетно, современо и инклузивно образование. Поголема вклученост на наставниот кадар во обуки за професионален развој	Идентификување на потребите на наставниот кадар за професионален развој и стручно усовршување. Зголемен број на наставници и стручни соработници кои учествуваат во релевантни обуки, семинари, работилници, конференции и други форми на стручно усовршување. Стекнување нови професионални, педагошки, психолошки, дигитални и комуникациски компетенции на наставниците Примена на стекнатите знаења и вештини во наставната практика. Развивање култура на самоевалуација на наставниците и стручните соработници и континуирано професионално усовршување. Наставниците и стручните соработници се поактивни во планирањето на сопствениот професионален развој. Подобрена примена на современи наставни методи и техники, со поголема застапеност на интерактивно, искуствено и активно учење. Подобрена тимска работа и професионална соработка во стручните активи и професионалните заедници за учење. Зголемена примена на стекнатите знаења и вештини во наставната практика, со директно влијание врз квалитетот на наставата. Подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, преку континуирано професионално усовршување и иновирање на наставната практика.	соработници кои учествувале во најмалку една форма на стручно усовршување во текот на учебната година. Број на реализирани обуки, семинари, работилници и стручни средби и интерни обуки Број на стекнати сертификати и потврди за професионално усовршување. Индивидуални планови за професионален развој. Број на наставници кои користат дигитални алатки во наставата. Реализирани часови со примена на иновативни и интерактивни методи. Извештаи од самоевалуација на наставниците и стручни соработници (чек-листи за самоевалвација на работата на наставниците и стручните соработници и евалуација од страна на директорот) Извештаи од следење на наставните часови. Листи за процена на степенот на задоволство на наставниците од можностите за професионален развој. Извештај од реализирани активности за колегијална размена на искуства.. Извештаи за наставници вклучени во национални и меѓународни проекти. Подобрена интеракција и комуникација наставник–ученик. Зголемена активност, мотивираност и ангажираност на учениците. Поголема примена на индивидуализирани и инклузивни

- да предлага мерки за отстранување на бариерите во учењето и учеството;
- да ја следи реализацијата на планираните мерки и активности;
- да соработува со наставниците и стручните соработници;
- да соработува со родителите/старателите;
- по потреба да соработува со надлежни институции и други стручни лица;
- активно да учествува во подготовката и следењето на индивидуалните планови и програми за поддршка;
- да предлага начини за унапредување на инклузивната практика во училиштето;
- да подготвува извештаи и анализи за реализираните активности;
- да изготвува годишен извештај за работата на Тимот за ученици со посебни образовни потреби.

(Програмата за работа на Училишниот инклузивен тим е составен дел на Годишната програма за работа на Училиштето 2026-27 година)
Координатор: Марија Младеновска-Димитровска, стручен соработник-ментор.

8.14. План на образовниот медијатор

(Се наведуваат планираните активности на образовниот медијатор, времето за реализација, очекуваните резултати, името и презимето на одговорното/те лице/а кои ќе ја следат реализацијата на активностите од страна на образовниот медијатор).

8.15. План на координаторот за практично образование

План на ативности на координаторот за УПР 2026/27 година
за Сектори: геологија, рударство и металургија; лични услуги и текстил, кожа и слични производи

Ред. бр.	Активност	Време на реализација	Одговорно лице	Очекуван резултат
1.	Истражување пазарот на труд заради остварување на соработка меѓу училиштето и работодавачите	Во текот на цела година	Координатор за УПР	Следење на развојот и потребите од квалификации на пазарот на трудот
2.	Предлагање компании за соработка и реализација на практичната обука до менаџментот на училиштето	мај- јуни	Координатор за УПР	Подобрување на практичната настава
3.	Изработување и надополнување Листа на работодавачи за соработка и реализација на практичната обука - водење база на податоци за соработката со бизнис – заедницата	мај- јуни	Координатор за УПР	Прегледност во податоците на работодавачите
4.	Изработување годишен глобален план и програма	јуни	Координатор за УПР	Подобрување на работата на координаторот
5.	Учествувавоизготвувањетона распоредотначасовите	септември	Координатор за УПР	Решавање проблеми и барања на компаниите
6.	Изработување меморандуми и договори за феријална пракса и за УПР	мај, јуни и септември	Координатор и правна служба	Запознавање со одговорностите и правата на сите потписници
7.	Изготвување план за распределба на учениците за УПР	септември	Координатор за УПР, стручни наставници	Подобра распределба на учениците во компаниите
8.	Вреднување на постигањата на учениците	Во текот на цела година	Наставници, ментори и координатор	Подобро совладување на знаења и вештини
9.	Добивање на повратна информација од менторите за напредокот на учениците; Следење на текот на практичната работа во компаниите извештаи за спроведената УПР	Во текот на цела година	Ментори наставници по УПР	Подобрување на УПР и ФП
10.	Изработување дневници за ФП и УПР	септември	Координатор за УПР	Запознавање на учениците и менторите со целите на наставната програма за УПР и ФП
11.	Проверува спроведување на обука за безбедност при работа	септември	Координатор за УПР	Поголема безбедност на учениците
12.	Проверува осигурување на учениците	септември	Координатор за УПР	Поголема безбедност на учениците
13.	Прибира и изработува извештаи за текот на УПР И ФП	Квартално и месечно	Координаторот за УПР	Подобрување на УПР и ФП и согледување за некои предизвици
14.	Водење бази на податоци за УПР и ФП	Во текот на цела година	Координатор за УПР	Водење документација

15.	Водење состаноци со родители, работодавачи и наставници за УПР	Во текот на цела година	Координатор за УПР	Решавање на проблеми и предизвици
16.	Проверува и потпишува дневници за УПР и ФП	Во текот на цела година (квартално)	Наставници, ментори и координатор	Подобрување на УПР и ФП
17.	Подготовка за феријална пракса - изработување на програми за феријална пракса одобрени од страна на директорот; - објавување на листа на компании на огласна и на ВЕБ страна на училиштето; - Интензивно следење на учениците	март, април мај јуни, јули и август	Наставници, ментори, координатор и одговорен наставник за ФП,	Подобрување на услови за реализација на ФП, и почитување на желбите на учениците за тоа каде сакаат да реализираат ФП
18.	Изготвува анализа за успешноста на соработката со работодавачите	септември	Координатор за УПР	Подобрување на реализацијата на УПР И ФП
19.	Презентира извештај за реализација на УПР и ФП на наставнички совет	септември	Координатор за УПР	Презентирање на реализацијата пред сите наставници,менаџерскиот тим и согледување на успешноста и предизвиците кои се појавиле во текот на реализацијата

8.16. План на образовните асистенти

Подрачје на работа	Цел	Активности	Реализација
Процес на запознавање и адаптација	Побрзо и полесно отпочнување на процесот на инклузија и адаптација во училишната средина	Запознавање со ученикот, неговите потреби, способности, интереси и начинот на функционирање. Запознавање со индивидуалниот образовен план/планот за поддршка, доколку е применлив. Запознавање со наставниот кадар и стручната служба. Следење на адаптацијата на ученикот во новата учебна година. Идентификување на можни бариери во учењето и училишното функционирање	Септември
Поддршка во процесот на настава	Олеснување на учењето и учеството во наставата	Помош при следење на наставата, разбирање инструкции, организирање на материјали и извршување задачи Обезбедување соодветна поддршка при совладување на наставните содржини. Поттикнување активност и учество на ученикот. Појаснување и дополнително објаснување на инструкциите	Во текот на учебната година

		дадени од наставникот. Помош при расчленување на посложени задачи на помали чекори. Следење на постигнувањата и тешкотиите на ученикот Поттикнување ученикот да поставува прашања. Помош при водење белешки, организирање материјали и подготовка за проверка на знаењето. Примена на визуелни, писмени или други соодветни помагала согласно потребите на ученикот.	
Развивање самостојност	Намалување на зависноста од помошта на асистентот	Поттикнување ученикот самостојно да извршува задачи и донесува одлуки постепено намалување на помошта Проценување на ефективноста на применетите стратегии за поддршка.	Во текот на учебната година
Организациска поддршка	Подобрување на организацијата на училишните обврски	Потсетување за обврски, распоред, рокови, учебни материјали	Во текот на учебната година
Социјална инклузија	Активно учество во животот на училиштето	Поддршка во комуникацијата и вклучувањето во групни активности	Во текот на учебната година
Емоционална поддршка	Создавање сигурна и поддржувачка средина	Охрабрување, смирување во ситуации на преоптовареност, поттикнување позитивни стратегии	Во текот на учебната година
Соработка со Училишниот инклузивен тим И стручната служба	Континуирано следење на развојот на ученикот	Активна вклученост во активносите на УИТ и подготовка на ИОП за ученикот Консултации, следење на напредокот и предлагање соодветни мерки	Во текот на учебната година
Соработка со класен раководител и наставниците	Усогласување на поддршката со наставните потреби	Размена на информации, планирање и усогласување на активности	Во текот на учебната година
Следење, евиденција евалуација	Документирање на реализираната поддршка и прпораки за натамошен развој на ученикот	Дневни/неделни белешки, следење на напредокот и тешкотиите Идентификување на стекнатите вештини и областите за понатамошен развој. Изработка на завршен извештај за реализираната поддршка и напредокот на ученикот. Дефинирање препораки за понатамошна работи за следната учебна година.	јуни

Подготви: Марија Младеновска-Димитровска, координатор на Училиштен инклузивен тим

8.17. План на кариерниот советник и тимот за кариерно советување

Тим за кариерно советување на СОУ „Таки Даскало“:

1. **Ристо Грујовски**, директор
2. **Марија Младеновска-Димитровска,** стручен соработник психолог-ментор
3. **Валентина Ацевска**, кариерен советник
4. **Татјана Црнец**, кариерен советник
5. **Наташа Ралевска-Вучкова**, стручен соработник-психолог
6. **Валентина Маневска**, координатор за практична настава и УПР

Програма и план за работа на кариерните советници

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КАРИЕРНИТЕ СОВЕТНИЦИ
СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА
за учебната 2026/2027 година

1. ВОВЕД

Во учебната 2026/2027 година работата ќе биде насочена кон продолжување и унапредување на овие активности, со посебен акцент на:

- индивидуализирано кариерно советување;
- кариерно тестирање и интерпретација на резултатите;
- изработка и следење на лични кариерни планови;
- развој на лични, социјални, комуникациски и дигитални компетенции;
- информирање за средно и високо образование;
- запознавање со професии и современи кариерни патеки;
- поврзување на учениците со компании и пазарот на труд;
- поддршка при избор на студии, професија или вработување;
- развој на кариерно портфолио;
- инклузивна кариерна поддршка;
- соработка со родители, наставници, институции, факултети и компании.

2. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на програмата е обезбедување континуирана, достапна и квалитетна кариерна поддршка на учениците, со цел тие да развијат способност за препознавање на сопствените интереси, способности и потенцијали и да донесуваат информирани одлуки за своето понатамошно образование, професионален развој и вклучување на пазарот на труд.

3. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

1. Учениците да ги препознаат сопствените интереси, способности, вредности и компетенции.
2. Да се обезбеди индивидуално и групно кариерно советување.
3. Да се спроведува кариерно тестирање и соодветно информирање за резултатите.
4. Да се изработуваат и ажурираат лични кариерни планови.
5. Да се развиваат вештини за самопроценка и донесување одлуки.
6. Учениците да се информираат за факултети, студиски програми, стипендии и можности за мобилност.
7. Учениците да се запознаат со современи и перспективни професии.
8. Да се развиваат вештини за вработување – CV, мотивациско писмо и интервју.
9. Да се развиваат дигитални и претприемачки компетенции.
10. Да се овозможи директен контакт со компании, институции и професионалци.

11. Да се обезбеди инклузивна кариерна поддршка за учениците со различни образовни потреби.
12. Да се зајакне соработката со родителите.
13. Да се промовираат образовните профили и можностите што ги нуди СОУ „Таки Даскало“.
14. Да се води систематска евиденција и документација за реализираните активности.
15. Да се врши континуирана евалуација на ефектите од кариерното советување.

---

4. ЦЕЛНИ ГРУПИ

Програмата ги опфаќа:

- учениците од I до IV година;
- учениците со посебни образовни потреби;
- учениците со изразени интереси и таленти;
- родители/старатели;
- наставници и стручни соработници.

5. ГОДИШЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

Бр.	Активност	Целна група	Период	Индикатор
1	Планирање и распределба на обврски во Кариерниот центар	Кариерни советници, стручна служба	Август–септември 2026	Усвоена програма
2	Запознавање на учениците од I година со Кариерниот центар	I година	Септември 2026	Опфатени сите паралелки
3	„Мојот кариерен пат“ – воведни работилници	I–IV година	Септември 2026	Реализирани работилници
4	Кариерно тестирање	I–IV година	Септември–ноември 2026	Над 90% опфат
5	Интерпретација на резултатите од тестирањето	Ученици	Октомври–декември 2026	Индивидуални/ групни средби
6	Изработка на личен кариерен план	II–IV година	Октомври–декември 2026	Над 85% од целната група
7	Индивидуално кариерно советување	I–IV година	Континуирано	Континуирано советување
8	Работилница „Кои се моите силни страни?“	I–II година	Октомври 2026	Реализирани работилници
9	Работилница „Wheel of Life“	II–III година	Октомври 2026	Развиена самопроценка
10	Инклузивна кариерна поддршка	Ученици со ПОП	Октомври 2026–мај 2027	Индивидуализирана поддршка
11	„Моите интереси – мојата професија“	I–II година	Ноември 2026	Реализирана работилница
12	Работилница за CV	III–IV година	Ноември 2026	Над 90% од матурантите
13	Работилница за мотивациско писмо	IV година	Ноември–декември 2026	Изработени мотивациски писма
14	Кариерно портфолио	III–IV година	Ноември 2026–февруари 2027	Изработени портфолија
15	Дигитален идентитет и професионално претставување	III–IV година	Декември 2026	Реализирана работилница
16	Современи професии и професии на иднината	I–IV година	Декември 2026	Најмалку 1 предавање
17	„AI и кариерата“	II–IV година	Декември 2026–јануари 2027	Реализирано предавање

18	„Зелени професии и одржлив развој“	I–IV година	Јануари 2027	Реализирана активност
19	Презентации од факултети и универзитети	III–IV година	Јануари–април 2027	Најмалку 5 презентации
20	Информирање за стипендии и студирање	IV година	Јануари–април 2027	Информирани матуранти
21	Информирање за можности за студирање во странство	III–IV година	Февруари–март 2027	Реализирана сесија
22	Подготовка за државна матура и продолжување на образованието	IV година	Јануари–март 2027	Информирани матуранти
23	Симулирани интервјуа за работа	IV година	Февруари–март 2027	Учествуваат ученици
24	Развој на комуникациски вештини	I–IV година	Февруари 2027	Реализирана работилница
25	Развој на претприемачки компетенции	II–IV година	Февруари–март 2027	Реализирани активности
26	Кариерни презентации од компании	II–IV година	Февруари–април 2027	Најмалку 5 компании
27	Стручни посети на компании	II–IV година	Март–април 2027	Најмалку 3 посети
28	Посета на саем за образование/кариера	III–IV година	Март–април 2027	Учество на ученици
29	Кариерен саем во училиштето	I–IV година	Април 2027	Реализиран саем
30	Саем за вработување, практикантство и стипендии	III–IV година	Април 2027	Учениците информирани
31	Работилница „Како да се однесувам на работно место?“	III–IV година	Април 2027	Развиени практични вештини
32	Безбедност и здравје при работа	III–IV година	Април–мај 2027	Реализирана обука
33	Средби со успешни поранешни ученици – alumni	II–IV година	Мај 2027	Најмалку 2 средби
34	Промоција на струките и училиштето	Ученици од основни училишта, родители	Март–мај 2027	Реализирани презентации
35	Отворен ден на училиштето	Ученици, родители, јавност	Мај 2027	Реализиран настан
36	Креативни и практични работилници за ученици од основни училишта	IX одделение	Април–мај 2027	Учество на основци
37	Кариерни активности за талентирани ученици	Талентирани ученици	Континуирано	Индивидуална поддршка
38	Соработка со родители	Родители	Октомври 2026–мај 2027	Најмалку 2 средби
39	Учество во проекти, хакатони, натпревари и други кариерни настани	Ученици	Континуирано	Учество и постигнувања
40	Професионално усовршување на кариерните советници	Кариерни советници	Континуирано	Најмалку 2 обуки/вебинари
41	Следење на пазарот на труд и современи професии	Кариерни советници	Континуирано	Ажурирани информации
42	Ажурирање на дигиталните содржини на Кариерниот	Ученици, родители, јавност	Континуирано	Редовни објави

	центар			
43	Евидентирање на индивидуалните советувања	Ученици	Континуирано	Уредна евиденција
44	Евалуација на задоволството на учениците	Ученици	Мај–јуни 2027	Спроведена анкета
45	Годишен извештај за работата на кариерните советници	Кариерни советници	Јуни 2027	Изработен извештај
46	Самоевалуација и планирање на подобрувања	Кариерни советници	Јуни–август 2027	Предлог-мерки за подобрување
47	Изработка на Програма за работа за 2027/2028	Кариерни советници	Август 2027	Изработена програма

6. КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ ЗА УСПЕШНОСТ

До крајот на учебната 2026/2027 година се планира:

- најмалку 90% од учениците да бидат опфатени со кариерно тестирање;
- сите ученици од I година да бидат запознаени со работата на Кариерниот центар;
- најмалку 80% од учениците од II–IV година да бидат опфатени со најмалку една форма на кариерно советување;
- најмалку 85% од учениците од II и III година да имаат изработено или ажурирано личен кариерен план;
- најмалку 90% од матурантите да имаат изработено CV;
- најмалку 80% од матурантите да имаат изработено мотивациско писмо;
- сите ученици од IV година да добијат информации за можностите за продолжување на образованието;
- најмалку 5 високообразовни институции да реализираат презентации;
- најмалку 5 компании/организации да бидат вклучени во кариерни активности;
- да се реализираат најмалку 3 стручни посети;
- да се реализира најмалку 1 кариерен саем;
- да се реализираат најмалку 15 работилници, предавања и кариерни активности;
- да се обезбеди индивидуална кариерна поддршка за учениците на кои им е потребна;
- да се реализираат најмалку 2 активности со родители;
- кариерните советници да учествуваат на најмалку 2 форми на стручно усовршување;
- за секоја активност да постои соодветен доказ.

---

7. СОРАБОТКА

Кариерните советници ќе соработуваат со:

- директорот на училиштето;
- стручната служба;
- наставниците;
- тимот за кариерен развој;
- стручните активи;
- родители и Советот на родители;
- високообразовни институции;
- компании и работодавачи;
- Агенцијата за вработување;
- локалната самоуправа;
- младински организации;
- локални и национални институции;
- успешни поранешни ученици;
- невладини и други релевантни организации.

8. ЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата ќе се реализира континуирано преку:

- следење на бројот на реализирани активности;
- следење на опфатот на учениците;
- анализа на резултатите од кариерното тестирање;
- следење на личните кариерни планови;
- анкети за задоволство на учениците;
- евалуација на работилниците;
- анализа на учеството во кариерни настани;
- следење на соработката со факултети и компании;
- самоевалуација на работата на кариерните советници;
- годишен извештај за реализацијата на програмата.

9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализацијата на програмата се очекува учениците:

- подобро да ги препознаваат своите способности, интереси и вредности;
- да носат поинформирани одлуки за својата иднина;
- да имаат јасно дефинирани краткорочни и долгорочни кариерни цели;
- да умеат да изработат CV и мотивациско писмо;
- да се подготват за интервју за работа;
- да се информираат за можностите за продолжување на образованието;
- да се запознаат со актуелни професии и потребите на пазарот на труд;
- да развиваат комуникациски, дигитални и претприемачки компетенции;
- да стекнат поголема самодоверба при донесување кариерни одлуки;
- да ги поврзат своите интереси и способности со реални образовни и професионални можности.

10. ЗАКЛУЧОК

Програмата за работа на кариерните советници за учебната 2026/2027 година претставува основа за систематска, континуирана и ученик-центрична кариерна поддршка.

Програмата е флексибилна и може да се дополнува и прилагодува во текот на учебната година согласно потребите на учениците, можностите на училиштето, активностите на партнерските институции и компаниите и промените на пазарот на труд.

Посебно внимание ќе се посвети на индивидуалното кариерно советување, инклузивната поддршка, развојот на кариерните компетенции, поврзувањето со високото образование и пазарот на труд и систематското документирање на резултатите.

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

Училишниот спортски клуб „ТАКИ ДАСКАЛО“ - Битола е основан во 2006 година, а одговорни наставници се наставниците по спорт и спортски активности: Кирил Јагоридовски, Владимир Трифуновски, Весна Велјановска, Благој Митревски, Сашо Илиевски и Христина Ристевска.

Во рамките на воннаставните активности на училиштето, во текот на учебната 2026/2027 година ќе продолжи реализацијата на активности преку училишниот спортски клуб, со цел

создавање услови за правилен психофизички развој на учениците, поттикнување на здрави животни навики, развивање на спортскиот дух, тимската работа, дисциплината, одговорноста и почитувањето на правилата.

Училишниот спортски клуб се организира во согласност со интересите и потребите на учениците и со расположливите услови и спортски капацитети на училиштето.

Општи цели на активностите се:

- поттикнување на учениците за активно и здраво поминување на слободното време;
- развивање на физичките способности и спортските вештини;
- развивање на тимскиот дух, соработка, толеранција и меѓусебно почитување;
- развивање на дисциплина, одговорност и фер-плеј однесување;
- откривање и развивање на спортските способности и таленти кај учениците;
- создавање услови за учество на учениците на училишни, општински и други спортски натпревари;
- промовирање на училиштето преку спортски активности и постигнувања.

Во зависност од интересот на учениците и условите за реализација, ќе се организираат активности во следните спортови:

- фудбал;
- кошарка;
- одбојка;
- ракомет;
- атлетика;
- други спортови согласно интересот на учениците и можностите на училиштето.

За секој спортски клуб ќе биде определен одговорен наставник/наставници по спорт и спортски активности, кои ќе ја организираат и реализираат програмата на активности.

Активностите на спортскиот клуб ќе се реализираат во текот на целата учебна година, согласно однапред утврден распоред и план за работа.

Планираните активности ќе опфаќаат:

- редовни тренинзи и спортско-техничка подготовка;
- вежби за развивање на физичките способности;
- усовршување на основните и специфичните спортски техники;
- организирање интерни натпревари и спортски средби;
- подготовка на училишни екипи за учество на натпревари;
- учество на општински, регионални и други соодветни натпревари и турнири;
- активности за промовирање на спортот и здравиот начин на живот.

Реализацијата на активностите ќе се одвива во училишните спортски објекти и терени, а доколку е потребно и во други соодветни спортски објекти, согласно условите и можностите.

Во активностите на училишните спортски клубови ќе можат да се вклучат сите заинтересирани ученици, согласно возраста, категоријата, видот на спортот и условите за формирање на екипите. Посебно ќе се води сметка за обезбедување еднакви можности за учество на учениците, без дискриминација и со почитување на нивните интереси, способности и можности.

Учениците ќе бидат информирани за можностите за вклучување во спортскиот клуб на почетокот на учебната година, преку наставниците по спорт и спортски активности.

Заинтересираните ученици ќе се пријавуваат кај одговорниот наставник, по што ќе се формираат групи и екипи согласно бројот на пријавени ученици и условите за реализација.
Распоредот на тренинзите и активностите ќе биде усогласен со распоредот на часовите и другите училишни обврски на учениците.

Училишниот спортски клуб ќе учествува на натпревари и турнири организирани на училишно, општинско, регионално и друго соодветно ниво, согласно календарите и повиците на надлежните институции и спортски организации.

Учениците ќе се подготвуваат за настапите преку редовни тренинзи, при што ќе се води сметка за безбедноста, фер-плејот и достоинственото претставување на училиштето.

Финансирањето на активностите на училишниот спортски клуб ќе се обезбедува согласно финансиските можности на училиштето, од сопствени средства, средства обезбедени од основачот, проекти, донации, спонзорства и други дозволени извори на финансирање. Средствата ќе се користат за набавка и одржување на спортска опрема и реквизити, обезбедување услови за реализација на активностите, како и за учество на учениците на натпревари и турнири, согласно важечките прописи и финансиските можности.

Следењето на реализацијата на активностите ќе го вршат одговорните наставници, во соработка со стручната служба и раководството на училиштето.

Одговорните наставници ќе водат евиденција за:

- бројот и опфатот на учениците;
- реализираните активности и тренинзи;
- присуството на учениците;
- учеството на натпревари и турнири;
- постигнатите резултати;
- потребите за дополнителна опрема и услови за работа.

Евалуацијата на работата на училишниот спортски клуб ќе се врши периодично и на крајот на учебната година, врз основа на реализираните активности, бројот на вклучени ученици, редовноста на учениците, учеството на натпревари, постигнатите резултати и степенот на остварување на поставените цели. Врз основа на резултатите од евалуацијата ќе се утврдат препораки и насоки за унапредување на работата на училишниот спортски клуб и за планирање на активностите во наредната учебна година. На овој начин, училиштето ќе обезбеди континуирано поттикнување на учениците за спорт и физичка активност, развивање на нивните способности и создавање позитивна и инклузивна училишна средина.

9.2. Ученички акции и волонтерство

Тим за следење на акциите на волонтерство:
Марија Младеновска-Димитровска, психолог
Наташа Ралевска-Вучкова, психолог
Доминика Русомарова, психолог,
Анета Мицевска, наставник по социологија
Весна М.Трајковска, наставник по етика и граѓанско образование
Валентина Ацевска, настаник по математика и кариерен советник
Елена Сотиров, наставник по германски јазик
Живка Ицановска, наставник по текстилни стручни предмети
Наташа Петровска, наставник по угостителски стручни предмети
Катерина Спасовска Маурдева, наставник по графички стручни предмети
Жанета Сиваков, наставник по градежни стручни предмети
Марија Китановска Кочовска , наставник по козметички стручни предмети
Драгица Здравковска, наставник по сообраќајни стручни предмети
Елизабета Ристевска, наставник по рударски стручни предмети
Христиан Петковиќ, наставник по музичка уметност
Љубица Мешкова Солак, наставник по уметност
Соња Георгиевска, наставник по хемија
Инџи Адемоска, наставник по англиски јазик
Васка Шалевска, наставник по математика
Флорида Кулевска, наставник по биологија
Претставниици од Совет на родители

АКЦИИ НА СОЛИДАРНОСТ И ВОЛОНТЕРСТВО				
Активност	**Постигнати цели**	**Учесници**	**Време на реализација**	**Одговорни наставници**
Обука за давање на прва помош	Одбележување на светскиот ден на првата помош 12.09. освежување на знаењата на учениците	Волонтери на Црвен крст	Септември .2026	Доминика Русомарова
Предавање за значењето на крводарителството	Зголемена свесносткај ученицитезаважноста на крводарителството	Претставни код Црвен крст, Ученици о дIVгод. на образование	Октомври 2026	Доминика Русомарова
Организирање на крводарителска акција	Поттикнување на хуманоста и алтруизмот, и Зголемена свесност за значењето на крводарувањето-15 крводарувања	Претставници од Црвен крст, учениодIVгод. на образование, вработени,	Октомври 2026	Психолошко-педагошка служба
Учество на учениците на интерни организирани акции по класови	Финансиски средства за помош на одредени ученици	Ученици од сите години	Во текот на учебната година	Психолошко-педагошка служба
Волонтерски активности во локалната заедница	Градење на граѓанскасвест и одговорност	Ученици волонтери,	Континуирано	Валентина Ацевска
Новогодишен базар “Новогодишна магија“	Поттикнување на алтруизмот, заедништвоот свесноста за важноста на дарувањето, споделување позиитнви емоции	Ученици од сите години и родители	Декември 2026	Марија Младеновска Димитровска, психолог Психолошко-педагошка служба
„Празници што не соединуваат“ Настан по повод Барјам	Мултикултурен базар на традиции, вкусови и пријателство Базар на традиции, вкусови и култури по повод Бајрам	Ученици од сите години и родители	Март 2027	Психолошко-педагошка служба Тим за меѓуетничка интеграција
Велигденски базар Велигденска магија - боите на Велигден“	Поттикнување на алтруизам, заедништво, поќитување на вредностите и различностите „Нашите празници се различни, но радоста е заедничка.“	Ученици од сите години и родители	Април 2027	Психолошко-педагошка служба Тим за меѓуетничка интеграција
Настан “Обои го светот во сино“	Подигнување на свесноста за аутизмот, почитување на различностите, прифаќање, разбирање, почитување на лицата со попреченост	Ученици од сите години и родители	Април 2027	Психолошко-педагошка служба Инклузивен тим

Мултиетничка кујна	Поттикнување на заедништво, мултикуртурализам, почитување на различностите	Ученици од сите години и родители	Мај 2027	Наташа Ралевска Вучкова Психолошко-педагошка служба Тим за меѓуетничка интеграција
ЕКО АКЦИЈА	учество во пошумување засадување на садници во училишниот двор	Ученици од сите години	октомври, ноември, март	Ф. Кулевска В. Христовска претставници од локалната власт претставници од ЈП Комуналец
Соработка со локалната власт и невладини организации	учество во проекти за почист град учество на наградни конкурси за најдобра литературна и ликовна творба на тема екологија	Ученици од сите години	септември-мај	Ф. Кулевска В. Христовска претставници од еколошки друштва и невладини организации претставници од локалната заедница
Одбележување на денот на екологијата	пролетно средување на училишниот двор чистење на училниците истакнување на најактивните поединци во реализирањето на активностите одеколошките проблеми	Членови на еколошката секција	март	Ф. Кулевска В. Христовска претставници од локална заедница други наставници од училиштето
Мониторинг на отпадни води на петтиот канал-река Драгор	мерење на одредени параметри (железо, сулфур, кислород идр) испитување на физички и хемиски својства на водите теренски испитувања	Членови на еколошката секција	Во текот на цела година	Ф. Кулевска В. Христовска
Публицирање на резултатите во печат и медиуми	соработка со локалните медиуми и печат	Членови на еколошката секција	септември-мај	Ф. Кулевска В. Христовска претставници од локалните медиуми
Подигнување на свеста кај учениците за значењето на екологијата во сите свери на живеењето	Работилници, предавања и истражувања	Членови на еколошката секција	септември-мај	Ф. Кулевска В. Христовска

Рециклирање на стари хартии и изработка на нови дела	Трансформација на ликовни дела	1-4 година гимназија	Март-април 2027	Љубица Мепкова Солак
Мегународен конкурс за изработка на дела од отпад од амбалажи и пакувањеREADY MADE ART	Подигнување на свесноста за рециклирање на отпад и стекнување вештини за изработка на дела од отпадни материјали	Ученици од гимназија и стручно	2026-2027	Љубица Мепкова Солак
Изработка на асамблажи од отпадни материјали	Подигнување на свесноста за рециклирање на отпад и стекнување вештини за изработка на амбалажи од отпадни материјали	Ученици од гимназија и стручно	2026-2027	Љубица Мепкова Солак

9.3 Драмски, музички, ликовни и други настани

(Да се наведат следните информации:

- *Видови настани и активности што се организираат во училиштето*
- *Цели на настанот – развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците.*
- *Број на ученици вклучени во настан.*
- *Одговорни наставници.*
- *Колку често се одржуваат настани во училиштето.*
- *Очекувани резултати – развој на социјални и креативни вештини, зголемена мотивација и вклученост на учениците.*

Ова ќе овозможи прегледно и јасно да се прикаже дополнителната едукативна и културна понуда на училиштето.)

Соработка со локална заедница	***Вид на активност***	***Реализирани цели***	***Учесници***	***Време и место на реализација***
Македонско научно друштво – Битола	Проект „Автографи од роднокрајни писатели“), изработка на рециклирана хартија, изложба, техничка подготовка и промоција на книга со автографите	Подигнување на свесноста за рециклирање хартија Поттикнување и развој на креативноста на учениците	Весна Мундишевска-Велјановска и Валентина Ристеска Ученици од графичката струка	Септември – Октомври 2026
Педагошки факултет – Битола	Работилница „Коректура и кореткорски знаци“		Весна Мундишевска-Велјановска и проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска	Ноември – Декември 2026
НУУБ „Св. Климент Охридски“– Битола	Реализација на заедничка работилница за изработка на	Поттикнување и развој на креативноста	Весна Мундишевска-Велјановска, Катерина	Октомври – Април 2026

	производи од Преработка на хартија и Книговрзување		Спасовска-Маурдева, Снежана Паскова и Валентина Ристеска	
Соработка со други основни и средни училишта	Работилница „Еко-свест за реупотреба на хартија и картон“	Подигнување на еко-свесноста кај учениците за рециклирање на хартија	Весна Мундишевска-Велјановска, Валентина Ристеска, Снежана Паскова и Катерина Спасовска-Маурдева	Март – Април 2027
Активности за афирмација на струката	Иэработка на промотивен материјал эа струката (летоци, плакати, кратки видеа, списание и сл.) и јавна презентација на работата на активот	Поттикнување и развој на креативноста	Графички актив	Октомври 2026 –Јуни 2027
Активности за афирмација на струката	Работилници за илустрација, карикатура и стрип со учество на ученици од основните училишта, во соработка со културни институции и невладини организации (подготовки, организација и реализација)	Поттикнување и развој на креативноста	Секција за графички дизајн, Миле Атанасоски	Октомври 2026 – Април 2027
Активности за афирмација на струката	Подготовка и поставување на изложба на креации од учениците и изработка и издавање на каталог ИКС за креациите	Поттикнување и развој на креативноста	Секција за графички дизајн, Миле Атанасоски	Мај 2027 год.
Активности за афирмација на струката	Работилници за трансфер на фотографија на дрво	Поттикнување и развој на креативноста	Валентина Ристеска, Весна Мундишевска-Велјановска, Снежана Паскова, Катерина С. Маурдева	Септември – Октомври 2026
Активности за афирмација на струката	Подготовка и поставување на изложба од изработките од учениците	Поттикнување и развој на креативноста	Валентина Ристеска, Весна Мундишевска-Велјановска, Снежана Паскова, Катерина Маурдева	Октомври – Ноември 2026

Активности за афирмација на струката	Работилница „Од идеја до реализација – Изработка на персонализирани рекламни производи“	Поттикнување и развој на креативноста	Катерина С. Маурдева, Весна Мундишевска-Велјановска, Снежана Паскова и Валентина Ристеска	Септември 2026 – Март 2027
Центар за култура Битола	Посета на изложба	Фотографии од Битола-традиционална изложба на ФКК - Манаки фестивал Битола	Ученици од гимназиско и струки	Септември 2026
Културен и информативен центар-Битола	Посета на изложба	Изложба од програмата на КИЦ	Ученици од гимназиско и струки	Октомври-мај 2026-27
Културен и информативен центар-Битола И Галерија Музеј-Ранко Струмениковски Завод и музеј-Битола Магаза	Посета на изложби и разговор со авторите Посета на археолошка поставка Посета на изложба на културно наследство Посета на изложба	Види слика слушни звук.-фото,звук ФКК-Битола Разгледување и анализа на артефакти Интерактивна изложба и разговор со уметник	Ученици од гимназиско јазично-уметничко подрачје ,гимназија и струки --- Ученици од градежно-геодетка струка, хотелско-туристичка струка	Септември-јуни 2026-27 Ноември-април 2026-27
Општина Битола и Кино Манаки ,Француска Алијанса и Фракцуски културен центар – Скопје	По програмата на институциите???	Ученици од ЈУБ и гимназииски паралелки	Ученици од 1,2,трета и четврта година гимназиско јазично-уметничко подрачје	2026-2027
Американско катче И Камај Медиа	Работилница за виртуелна реалност	Учениците за првпат гледааа симулација на виртуелна реалност	Ученици од гимназииски паралелки и графичка струка	2026-27
Кино Манаки-Битола	мај 2027	Учениците од Таки Даскало	Ученици од гимназиско и струки	2027
Центар за култура-Битола	Посета на изложби	Разгледување на дела	Ученици од гимназиско и струки	Ноември 2026
ДЛУБ	Посета на изложби	Разгледување на дела	Ученици од гимназија	2026-27

10. Ученичко организирање и учество

(*Организирање во заедница на паралелката, членови на ученичкиот совет, план за работа на ученичкиот совет, план за работа на ученичкиот правобранител во текот на учебната година, потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат*).

11. Вонучилишни активности

11.1. Ученички екскурзии

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/ паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
1.	Ема Ќука Живка Т.Ицаноска Анита Стефановска Горан Ангелов	Стручна екскурзија	I6 ТИО II6 ТИО/ТДО III6 ТДО IV5 ТДО	Март/Април	Ема Ќука
2.	Тим за изработка на програма на екскурзии	Наставно-научна екскурзија во Белград	Втора година гимназиско и стручно образование	Октомври 2026	Јулијана Јосифовска Инџи Адемоска
3.	Зоран Ристевски Томе Андоновски	Саем ,,Технома"- Скопје	III-2,3 IV-2,3 год.	Април	Зоран Ристевски
4.	Ангела Николовска Драганчо Марковски	Логистички центар ,,КАМ"- Скопје	III-2,3 IV-2,3 год.	Март	Ангела Николовска
5.	Томе Андоновски Даниела Вељановска	Железничка станица Скопје Товарна единица	III-2,3 IV-2,3 год.	Февруари	Томе Андоновски
6.	Зоран Ристевски Томе Андоновски	Градско пристаниште Охрид	III-2,3 IV-2,3 год.	Мај	Томе Андоновски
7.	Ангела Николовска Драганчо Марковски	Автобуска станица Скопје	III-2,3 IV-2,3 год.	Мај	Драганчо Марковски
8.	Миле Атанасоски	Посета на печатницата "Европа 92" - Кочани	Ученици од графичката струка	Прво полугодие	Миле Атанасоски
9.	Катерина С. Маурдева	Посета на "Саемот на книгата" Скопје и приватни графички претпријатија	Ученици од графичката струка	Второ полугодие	Катерина С. Маурдева
10.	Валентина Ристеска	Посета на печатници и работилниците за рачна изработка на хартија и гарфичката работилница „Книговезец"во Охрид	Ученици од графичката струка	Второ полугодие	Валентина Ристеска
11.	Михаил Наумовски, претседател на актив на струката Снежана Б. Стојановска, Петар Ѓоргиевски и	екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми (посета на Охрид – градот на УНЕСКО и	I година/ I[7] II година/ II[7]	октомври – ноември 2026/2027 учебна година	Михаил Наумовски Снежана Б. Стојановска

	Оливера Георгиевска, предметни наставници од струката	богатото културно историско наследство)			
12..	Михаил Наумовски, претседател на актив на струката Снежана Б. Стојановска, предметен наставник од струката Петар Ѓоргиевски, предметен наставник од струката Оливера Георгиевска, предметен наставник од струката	стручно-истражувачки екскурзии (посета на ИЗИИС – Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Скопје) интегриран превоз со сектор Лични услуги – Техничар за козметика, нега и убавина	II година/ II[7] III година/ III[7]	март - април 2026/2027 учебна година	Михаил Наумовски Снежана Б. Стојановска
13.	Михаил Наумовски, претседател на актив на струката Снежана Б. Стојановска, предметен наставник од струката Петар Ѓоргиевски, предметен наставник од струката Владимир Трифуновски, предметен наставник од струката	спортско-рекреативни екскурзии интегрирана екскурзија со активот по Спорт и спортски активности	I година/ I[7] II година/ II[7]	април – мај 2026/2027 учебна година	Снежана Б. Стојановска Владимир Трифуновски
14.	Во соработка и планирање во склоп на годишната програма на активот по Уметности , планирана е екскурзија во МОБ	Посета на Опера и Балет во Скопје во МОБ	Од 1 до 3 година гимназиски и стручни паралелки	2027 (април-мај) зависно од репертоарот на МОБ - Македонска опера и балет	Проф.по Музичка уметност Христијан Петковиќ
15.	Елена Сотиров Македонка Атанасоска	Посета на Институт Гете во Скопје	Ученици од гимназија и стручно	2026/27	Македонка Атанасоска
16.	Сузана Петкоска	Посета на Францускиот институт Скопје	ученици од билингвалната гимназиска паралелка	2026/27	Сузана Петкоска

17.	Валентина Богојовска Елена Сотиров	Научно-стручна ексурзија во Охрид	ученици од IV година билингвалната гимназиска паралелка	Прво или Второ полугодие 2026-27 год	Валентина Богојовска
18.	Валентина Богојовска Елена Сотиров	Научно-стручна ексурзија во Стоби и Археолошкиот музеј	ученици од гимназиските паралелки во I и III година	Прво полугодие 2026	Валентина Богојовска Елена Сотиров
19.	Мирјана Наумовска Јулијана Јосифовска	посета на Саемот на книгата Скопје	Ученици од гимназија и стручно	април-мај 2027г	Мирјана Наумовска
20.	Јовевска Славица ,Марија Котаноска Кочовски, Филип Џокоски	Посета на фармацевтска веледрогерија и козметички салон во Скопје	Ученици од лични услуги	2026/27	Јовевска Славица и Марија Китаноска Кочовски
21..	Трајче Катаровски Роберто Трајковски	Посета на антички локалитет и винарија ,,Стоби”	I-10,11 II-10, 11 I-8	Октомври 2026	Трајче Катаровски
22.	Трајче Катаровски Јулијана Јосифовска	24-ти мај Денот на сесловенските просветители - Охрид	I и II год.	Мај 2027	Трајче Катаровски

11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

(*Се наведува постапката за прибирање на податоци за учениците кои се вклучени во вонучилишни активности (балетско училиште, спортски клубови, танцови студија, спортски академии итн.). Податоците ќе се систематизираат по број, вид на активност и година на школување, веднаш по нивното прибирање, особено за учениците од прва година.*)

12. Натпревари за учениците

12.1. Учество на општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни натпревари

(Се наведуваат кои општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни ученички натпревари ќе се организираат во текот на учебната година во кои ќе учествува училиштето, се определуваат кои училишни натпревари ќе ги организира училиштето, во кој период од учебната година, како и кој може да земе учество и во каква процедура.).

Вид на натпревар	Ниво (општинско, регионално, државно, олимпијада или меѓународно)	Предмет / област	Планиран период на одржување	Учесници (година)	Процедура за избор	Одговорни наставници	Тимска поддршка	Финансиски потреби	Поддршка од Совет на родители
Регионален натпревар по шминкање	Регионално	Шминкање	Март-април 2027	1 ученик од II,III или IV година	Преку претходен училишен натпревар	-Славица Јовевска -Марија Китаноска-Кочовски -Филип Џокоски	Наставник по шминкање+ наставник по стручни предмети од бараната група предмети+стручна служба	Материјали за подготовка (козметички средства и помагала, алати, прибор и потребна апаратура)	Делумна поддршка
Општински, регионален државен	Општински, регионален државен	Историја	Март – мај 2027	Ученици од II, III и IV година	Претходен пласман	Роберт Трајковски	актив	Уплата на котизација за учество	

Државен	Државно	Текстилно стручни предмети	Мај 2027	1 ученик од III година	Преку претходен училишен квалификациски натпревар	Живка Т.Ицаноска	Анита Стефановска Ема Ќука	Материјали за подготовка	
Државен	Државно	Текстилно стручни предмети	Април/Мај 2027	2 ученички од II година 3 ученички од III година	Внатрешна селекција	Живка Т.Ицаноска	Анита Стефановска Ема Ќука	Материјали за подготовка	
Учество на МАССУМ - републички средношколски средби – 2027, локација- дополнително по објавата на МАССУМ	републички средношколски натпревар	Повеќе предмети	2027	Надарени и талентирани ученици	Претходни квалификации	Наставници од гимназија и стручно	Стручни активи	Материјали за подготовка Средства за котизација за учество	
ПОГОН – саем за математика наука, технологија инженерство и уметност	Регионален Државен	Градежни-стручни предмети	Мај—јуни 2027	Ученици од градежно-геодетска струка	Училишен натпревар - квалификационен	Михаил Наумовски Градежни-стручни предмети	Стручен актив		

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Тимот за училишна интеграција се формира во следниот состав:

1. **Ристо Грујовски,** директор– член;
2. **Даниела Митревска**, помошник-директор - член
3. **Марија Младеновска-Димитровска**, стручен соработник ментор – член;
4. **Милица Димитријовска- Радевска**, наставник – член;
5. **Весна Мундишевска-Велјановска,** наставник-ментор– член;
6. **Валентина Маневска**, наставник, координатор за УПР – член;
7. **Валентина Ацевска**, наставник, кариерен советник – член

Тимот за училишна интеграција:

- Планира активности за унапредување на мултикултурализмот и интеркултурализмот;
- планира и реализира активности за меѓуетничка интеграција;
- поттикнува интеркултурен дијалог и интеракција;
- работи на препознавање на сличностите и прифаќање на различностите;
- придонесува кон спречување и надминување на стереотипите и предрасудите;
- поттикнува заеднички активности на учениците;
- предлага активности за унапредување на позитивната училишна клима;
- соработува со наставниците, стручната служба, учениците и родителите;
- по потреба соработува со други училишта и институции;
- ја следи реализацијата на планираните активности;
- подготвува извештај за реализираните активности.

Тимот за училишна интеграција, работи во координација со Тимот за меѓуетничка интеграција

- Валентина Богојовска
- Инџи Адемоска
- Елена Сотиров

Активности:

- Европски ден на јазиците 26.09.2026, соработка со ДМУ
- Германски Божиќен панаѓур декември 2026, соработка со Општина Битола во склоп на Зимската приказна
- Активности со волонтер од Мировниот Корпус од Февруари 2027
- Велигденска работилница 29/30 април 2027 - соработка со основни училипшта од Општина Битола и околни општини
- Мултиетнички базар - Бајрам 13/14 мај 2027 - соработка со основни училипшта од Општина Битола и околни општини

Потребни материјали:

- печатени материјали
- материјали за декорација
- финансиска поддршка за набавка на храна и пијалоци
- финаснсиска поддршка за транспорт на ученици и материјали

Во активностите учествуваат ученици од I-IV година од нашето училиште

Активност	Цел	Очекувани резултати	Учесници	Временска рамка	Ресурси
Истражувачка работа: Декоративни елементи од фолклорот и нивна примена во графичкиот дизајн	Поттикнување на учениците да истражуваат за фолклорните елементи и примена на дизајнот во фолклорот, развој на креативноста	Запознавање со традициите, обичаите празниците и други културни обележја на различни заедници	Секција за графички дизајн, Миле Атанасоски	Октомври 2026– мај 2027	Компиутер, литература, ликовен материјал, материјал за изложба презентации
Мозаик на културите	Развирање на почит и позитивен однос кон културната развовидост кај учениците и културата како вредност	Запознавање со традициите, обичаите празниците и други културни обележја на различни заедници	Ученици, Наставници Тим за училишна интеграција	Октомври Ноември	Компиутер, литература, ликовен материјал, материјал за изложба
Заеднички ученички проекти	Развивање на соработка, тимски дух ,заемна одговорност и позитивна интеракција меѓу улениците од различно културно и етничко потекло	Учениците работат во хетерогени групи , соработуваат и реализираат заеднички цели преку еколошки , хуманитарни и културни проекти	Ученици наставниции тим за училишна интеграција родители	Во текот на учебната година	Компјутер Проектор Интернет Хартија Хамер Маркери
Безбедност во училница	Создавање и одржување безбедна поддружувачка и инклузивна учичничка средина во која се почитуваат достоинството, правата и индивидуалните потреби на секој ученик	Учениците препознаваат ризични ситуации насилство и , применуваат ненасилна комуникација и стратегии за решавање на конфликти и знаат навремено да побараат помош	Ученици и наставници Стручна служба	Во текот на учебната година	Компијутер, работни листови, презентации материјали и литература

14. Проекти што се реализираат во средното училиште

14.1. Национални проекти

Наслов на проектот	Проекти финансирани и поддржани од државни институции, министерства, локални самоуправи и национални организации.	Учесници	Цели и придобивки за училиштето	Време на реали-зација
Проект "Квалитетно образование за сите" Втора фаза	МОН, Совет на Европа	проектен тим на СОУ "Таки Даскало" Битола Ристо Грујовски, Марија Младеновска-Димитровска, координатор Жанета Сиваков Милица Димитријовска-Радевска Валентина Богојовска Родители и ученици	Промовирање на демократијата и човековите права во образованиетокако и подготовка на младите луѓе со потребните вештини и алатки за да живеат во мултикултурноопштество	2026-2030
Проект "Врсничка школа против врсничко насилство"	Општина Битола, Младинската асоцијација ИМКА Битола	Марија Младеновска-Димитровска, координатор	Промовирање на врсничката едукација, превенција на врсничкото насилство, справување со врсничкото насилство	Во текот на учебната 2026/27
Проект "LIders in Training (LIT) програма	Општина Битола, Младинската асоцијација ИМКА Битола	Марија Младеновска-Димитровска, координатор	Промовирање на врсничката едукација, Креирање на млади лидери во средните училишта Промовирање и поттикнување на малдинскиот активизам	Во текот на учебната 2026/27
Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување(YES)	Кариерен центар СОУ „ Таки Даскало"	(EducationDevelopmentCenter(EDC)), УСАИД Наставници- Кариерен центар СОУ „ Таки Даскало" Битола, ученици	Подобрување на „понудата" на идните работници, преку креирање на Мрежи за услуги за кариера	2026 – 2027
Еко-проект "Интегрирано еколошко образование во	МОН	МОН, Општина Битола, Наставници- ученици СОУ „Таки Даскало" Битола, ученици	Реализација на еколошки акции Интегрирање на еко-содржини во наставата, Учество на натпревари	Септември 2025-јуни 2026

македонскиот образовен систем“				
„Безбедни училишта“	Општина Битола	Општина Битола, МВР-Битола, тим за безбедност, ученици, родители, наставници	Организирање на јавни манифестации, спортски натпревари, работилници за безбедни училишта, зголемување на свеста за безбедноста кај учениците, вработените и родителите	Септември 2025-јуни 2026
„Меѓуетничка интеграција во образование“	МОН	Тим за меѓуетничка интеграција, ученици, родители, наставници	работилници за МИО, интеграција на наставни содржини од МИО, организирање на јавни настани, воспоставување партнерство со училиште од етнички мешан состав.	Септември 2025-јуни 2026
Регионална поддршка за инклузивно образование	Совет на Европа Европска комисија за инклузивно образование	Европска комисија за инклузивно образование, училишен тим за инклузивно образование, родители	Поддршка на учениците со посебни потреби, спроведување на истражување, учества на меѓународни конференции, организирање работилници,	Септември 2026-јуни 2027
Училишни проекти	МОН Општина Битола	Ученици и одговорни наставници од слободни ученички активности-стручни соработници	Презентација на постигнати резултати на учениците и афирмација пред наставници, родители претставници од локална самоуправа, одбележување на Патронен празник, организација на Отворен ден на училиштето, промоција на училиштето во поширокатa локална заедница	Септември 2026-јуни 2027

14.2. Еразмус+ и други меѓународни проекти

Проекти кои училиштето ги реализира со поддршка од меѓународни програми или организации	Партнерства со други институции, земји или организации	Цели	Очекувани резултати	Одговорни наставници или стручни соработници кои се вклучени во проектот	Временската рамка	Извори на финансирање
Иницијатива за нови лидери на Балканот БЕЛИ	Центар за образовна полтика на Србија, Центар за образовни иницијативи Чекор по чекор БиХ, Косовски образовен центар (Косово_)	Вопсоставување на меѓусебна соработка за успешно спроведување на активностите поврзани со унапредување на младите во рпцесите на донесување на одлуки и равој на демократска култура во училиштето	Подобрување на младинската партиципација во училиштео, менторска поддршка и подобуање на демократските капацитети	Ристо Грујовски, директор Анита Мицевска, координатор	Септември 2026-декември 2027	Средства на проектот
Еразмус плус проект “Do You Mind?“ Меѓународна конференција во Задар Хрватска	Порака Нова Прони, Хрватска, ЕРИКА, Луксембург, Романија Винди	Европски проект за зајакнување на менталното здравје на младите и младинските работници и младинските амбасадори	Подобрување на менталното здравје кај младинските работници и младинските амбасадори Размена на искуства и добри практики	Марија Младеновска-Димитровска	2024-2026	Средства на проектот
Обединети Училишта („United Schools“) е 24-месечен Erasmus+ KA210-SCH проект за соработка.	Проект ги обединува средните училишта од Турција (координатор), Словачка и Северна Македонија со цел да го зајакне инклузивното образование во Европа.	Проектот одговара на еден од најитните предизвици во современото образование: да се обезбеди учениците со посебни образовни потреби (SEN) да се чувствуваат прифатени, поддржани и безбедни во редовните училишта. Проектот се фокусира на: Промовирање инклузија и разновидност во образованиет, Поддршка на	Клучен резултат на проектот е создавање на отворена е-учење платформа која обезбедува:побезбедна, поинклузивна и дигитално поврзана образовна средина каде што ниту еден ученик нема да биде изоставен.	Одговорни наставници вклучени во проектот се Младенова Кики, Даниела Митревска и Оливера Талевска. -	Време на реализација на проектот од 01.05.2025 до 01.05.2027	Буџет на проектот

		наставниците кои работат со ученици со SEN, Превенција од врсничко насилство и подобрување на благосостојбата, Зајакнување на дигиталните компетенции преку иновативни е-учење алатки. Преку виртуелни мобилности, меѓународни работилници и заеднички активности, проектот поттикнува интеркултурно разбирање, соработка меѓу учениците и професионален развој на наставниците				
Меѓународен ден на волната EWE-European Wool Exchange	EWE Foundation Меѓународни организации и партнери од европски земји вклучени во мрежата EWE Образовни институции и стручни организации од областа на текстилот, волната, модата и одржливиот развој. Локални производители, занаетчии, дизајнери и текстилни компании како потенцијални партнери за практична реализација Партнерства со организации од Грција, Хрватска, Италија, Словенија,	Промоција на волната како природен, одржлив и вреден текстилен ресурс и поттикнување на нејзината повторна употреба во рамките на циркуларната економија. Преку практични активности, работилници, размена на знаења и меѓународна соработка, учениците се запознаваат со традиционалните и современите начини на обработка на волната, развиваат практични и креативни вештини и се поттикнуваат да создаваат иновативни и одржливи текстилни производи.	Зголемена информираност и практична оспособеност на учениците за одржлива употреба на волната, развивање креативни и стручни компетенции преку практична работа, создавање нови производи од волна, промовирање на циркуларната економија и зајакнување на меѓународната соработка преку EWE мрежата. Проектот ќе придонесе и за поголема видливост на училиштето и создавање можности за идни партнерства и заеднички	Анита Стефановска Живка Т.Ицаноска Ема Ќука	Април 2027	Донации и спонзорства, придонеси од учесници, поддршка од партнерски организации и институции, како и финансиска поддршка преку национални и европски проекти поврзани со волната, циркуларната економија, одржливоста и истражувањето

	Унгарија, Шпанија и други земји каде EWE има активности.		иницијативи.			

14.3. Проекти од општествена одговорност и одржлив развој

Проект	Како проектот придонесува за развој на заедницата, учениците и училиштето	Партнерски организации	Наставници и стручни соработници кои се вклучени	Улогата на учениците	Временската рамка	Извори на финансирање
Проект „ЕкоДијалог кон ЕУ: Поттикнување еколошки промени преку инклузивно застапување при креирање политики“	Зајакнато учество на засегнатите страни во креирањето и спроведувањето на политиките за животна средина и практиките на циркуларна економија.	Фондација за развој на локалната заедница Штип, АГОРА – Центар за промоција на граѓански вредности Скопје и Асоцијација Конект – Скопје МКЦ-Битола Конфекциски фабрики или модни студија	Анита Стефановска Живка Т.Ицаноска Ема Ќука	Тие ќе го истражуваат проблемот со со текстилниот отпад, ќе предлагаат решенија за негова повторна употреба и намалување, ќе реализираат практични производи од остатоци од текстилни материјали	Септември 2026 до Јуни 2027	Финанасирано од Делегацијата на Европската унија во Скопје преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права (EIDHR)
Модна ревија „Креативен ден„	Развој на заедницата преку поврзување на образованието, културата, креативните индустрии и бизнис секторот. За учениците претставува можност за практична примена на	СОУ„Таки Даскало„, текстилна струка Продукција „Божиловиќ„	Анита Стефановска Живка Т.Ицаноска Ема Ќука	Активна и креативна улога во сите фази на проектот- од осмислување и дизајнирање, преку изработка на модни креации, до нивна презентација и учество во	Април/Мај 2027	Финанасирано од Општина Битола, спонзорства и донации од компании и текстилниот сектор, поддршка од партнери

	знаењата, развивање на креативноста, тимската работа, комуникациските и претприемачките вештини. За училиштето, настанот претставува значајна платформа за промоција на текстилната струка,			организацијата на ревијата. Имаат директен контакт со професионалци- модни дизајнери и потенцијални клиенти.		

15. Поддршка на учениците

15.1. Следење и анализа на ученичкиот успех

(*Под насловот Следење и анализа на ученичкиот успех треба да се опише системскиот пристап што училиштето го користи за редовно следење, евидентирање и анализа на постигнувањата на учениците. Текстот треба да содржи: Начини и методи за следење на успехот (тестови, писмени и усмени испити, проекти, домашни задачи, континуирана евалуација); Честота на евалуацијата (неделна, месечна, полугодишна, годишна); Критериуми и стандарди за оценување; Процедури за анализа на собраните податоци за успехот на учениците (идентификација на слабости, силни страни, трендови); Употреба на резултатите за планирање на дополнителна поддршка и интервенции кај учениците кои имаат потешкотии; Вклучување на наставниците, стручните служби и родителите во процесот на анализа и следење; Начини на известување за постигнувањата (родителски состаноци, извештаи, едукативни платформи*).

15.2. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

*(Во овој наслов може да се планираат: **1.** Превентивни програми (кои програми, кои се целите на секоја програма, кој ги спроведува програмите). **2.** Работилници и активности со ученици, родители и наставници (опис на едукативните работилници; вклучност на психолози, педагози, полиција, здравствени работници или НВО, каде ќе се реализираат активностите). За вклучување на ученици се објаснува како ќе се избираат учениците кои учествуваат и дали активностите се групни, индивидуални или комбинирани. **3.** Постапка за заштита на ученик-жртва (опис на постапката за пријавување на насилство, занемарување, злоупотреба или дискриминација, кој прима пријава, кој презема мерки, рокови за постапување, како се обезбедува заштита и следење на ученикот-жртва). **4.** Оценка и очекувани резултати (какви ефекти се очекуваат од програмите (, како ќе се следи успешноста).*

16. Оценување

16.1. Видови оценување

Опис/тип на оценување	Опис на активности	Одговорно лице	Рокови	Забелешки
Бројчано оценување	Определувањето на бројчаната оценка треба да ги има предвид постигнувањата на ученикот во однос на запомнување и репродуцирање на наставните содржини, разбирање и сфаќање на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, примена на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоките интелектуални способности на анализа, синтеза и вреднување, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело. Бројчаната оценка се утврдува на следниот начин: **Оценка *Доволен два (2)*** -знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи. **Оценка *Добар три (3)* –**знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи. **оценка *Многу добар четири (4)*** – знаењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да	Стручната служба Педагог Психолози директор	По тримесечја	Во училиштето е формиран тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Тимот ќе ја утврди процедурата за поплаки и жалби согласно Правилникот за оценување и унапредување на учениците, ќе прави анализи на состојбата на постигнатите резултати и ќе дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати од работењето. Тимот е во состав директор, педагог и психолог.

	размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења. **Оценка *Одличен пет (5)*** – знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и да ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми. **ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ:** По секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена два(2), од 50% до 70% следи оцена три (3), од 70% до 85% оцена четири (4) и од 85% до100% оцена пет (5)**.**			
Формативно оценување	**ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:** е процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на совладување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.	Стручната служба Педагог психолози	По тримесечја	
Сумативно оценување	**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:** Следи како резултат на сите гореспоменати	Стручната служба	По тримесечја	

	форми на оценување и се врши на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.	Педагог психолози		
Календар на писмено оценување	Секој наставник си изготвува план за писмено оценување и календар	Стручната служба Педагог психолози	По тримесечја	
Ученици со ИОП	За учениците со ПОП секој наставник изготвува ИОП во соработка со Училиштниот инклузивен тим и посебните инклузивни тимови на учениците и критериуми на оценување прилагодени на можностите на учениците со ПОП	УИТ Стручна служба	По тримесечја	
Информирање на родителите	Информраиње на родителите се врши на родителски состаноци кои се задолжителни и на индивидуални средби со родители согласно деновите за посета на родители на наставниците	Класни раководители Предметни наставници Стручна служба	По тримесечја	
Повторна проверка на знаења	Повторна проверка се врши со формирање на комисии по предмети по кои ученици се упатени на повторна проверка	Директор Помошник-директор Стручна служба		
Комисии за испити (класен, поправен, вонредни...)	Се формираат комисии за полагање на класни испити, поправни, комисии за вонредни ученици	Директор Помошник-директор Стручна служба	За класни испити и поправни јунски и августовски испитен рок, За вонредни сите месеци освен јануари и јули	

(Се даваат генерални информации за бројчаното оценување по години, се прави план за писменото оценување имајќи ги предвид законските ограничувања. Во ова подрачје треба да се даде опис на активностите со кои: ќе се стимулира имплементирањето на стандардите во оценувањето, што се очекува како активност на секој предметен наставник во секој класификационен период, планирање на формативното и сумативното оценување, оценување на учениците со попреченост и начини на известување на родителите за успехот на учениците. Исто така, се наведуваат членовите на комисијата за повторна проверка на знаењето на учениците, како и на испитната комисија за класен испит, поправен испит, испит за побрзо напредување, вонредни испити.).

16.2. Тим на следење, анализа и поддршка

(*Во средното образование, училиштето треба да формира Тим за следење, анализа и поддршка во оценувањето. Членови на тимот се: директор или заменик директор / координатор, наставници од различни области (општообразовни, стручни, уметнички предмети), стручна служба (педагог/психолог), претставници од активите на одделни наставни предмети.). Планот за работа на тимот вклучува: следење на усогласеноста на спроведеното оценување со стандардите за оценување; анализа на податоци за оценување по предмети, насоки, паралелки и класификациски периоди; планирање на активности за поддршка на наставници со слаби резултати или неправилности во оценувањето; мотивирање и поддршка на наставници кои применуваат иновативни, објективни и транспарентни пристапи во оценувањето; организирање споделување на добра практика во рамки на училиштето; разгледување на жалби и поплаки за оценки согласно утврдена процедура; планирање и спроведување на внатрешна евалуација на системот за оценување.*)

Активност/Подрачје	Опис/Насока	Временска рамка	Одговорни лица	Начин на евиденција/извештај
Следење на оценувањето по предмети	Редовно следење на распределбата на оценки по одредени предмети и паралелки	Еднаш месечно	Стручна служба, директор, педагог	Извештај од стручна служба, анализа на класен совет
Анализа на отстапувања од оценувањето	Следење на евентуални отстапувања во оценувањето	Еднаш месечно	Стручна служба, директор, педагог	Извештај од стручна служба, анализа на класен совет
Поддршка на наставници кои имаат потешкотии со оценувањето	Следење на оценувањето на наставниците кои имаат потешкотии во оценување, обуки за тие наставници од страна на стручната служба, советодавна и консултативна работа со нив	Еднаш месечно	Стручна служба, директор, педагог	Извештај од стручна служба, анализа на класен совет
Поддршка на наставници иноватори	Организирање предавања од наставниците кои применуваат современи иновативни методи на оценување, поддршка при организацијата на предавања и обуки	Еднаш во полугодие	Стручна служба, директор, педагог	Извештај од стручна служба, анализа на класен совет
Жалби и поплаки за оценување	Фомирање комисија за разгледување на жалби и поплаки во врска со оценувањето, советодавна, инструктивна и консултативна работа, преземање дисциплински санкции,	По потреба	Стручна служба, директор, педагог	Извештај од стручна служба, анализа на класен совет
Споделување на добра практика	Организирање на состаноци и дисеминација	По потреба	Стручна служба, директор, педагог	Извештај од стручна служба, анализа на класен совет
Настава и оценување на ученици со попреченост	Следење на оценувањето на учениците со ПОП, консултативна и советодавно-инструктивна работа со наставниците	Еднаш месечно	Стручна служба, директор, педагог	Извештај од стручна служба, анализа на класен совет

Ментори кај работодавач	Редовно следење на распределбата на оценки по предметот УПР, следење на работата на менторите, консултативно-инструктивна работа	По тримесечја	Стручна служба, директор, педагог координатор на УПР	Извештај од стручна служба, анализа во педагошки совет извештај на коорinатор на УПР
Координатори за практично образование	Следење на работата на координаторите на УПР и на оценувањето	По тримесечја	Стручна служба, директор, педагог координатор на УПР	Извештај од стручна служба, анализа во педагошки совет, извештај на коорinатор на УПР
Извештај за состојбите со оценувањето	Следење на оценувањето на ниво на училиште, изготвување извештаи за оценувањето и препораки за објективно оценување	По тримесечја Полугодишен и годишен извештај	Стручна служба, директор, педагог	Извештај од стручна служба, анализа во педагошки совет, стрични активи извештаи

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

(*Во овој наслов се разработува планот на директорот_за реализација на стручни посети на наставни часови, практично образование, уметнички активности и воннаставни активности, како и работата на вработените во стручната служба на училиштето, со цел поддршка и унапредување на воспитно-образовниот процес. Во планот за реализација на посетите треба да се: дефинирани критериуми и инструменти (набљудувачки листи, листи за самоевалуација, белешки од набљудување, извештаи), во различни временски периоди и во различни профили/насоки, со фокус на реализација на наставните цели, методи, пристапи кон учениците, формативно оценување, ИКТ, дисциплина и вклученост на учениците. По посетата треба да биде планирана повратна информација до наставникот и договор за евентуална поддршка или следна посета.*)

Област на набљудување	Тип на активност	Одговорно лице	Временска рамка	Инструмент/метод на вреднување	Белешка/коментар
Настава по општообразовни предмети	Наглени часови Заеднички часови по различни предмети Меѓусебни посети на час на различни професори	Директор Стручна служба	Септември - јуни (1-2 пати по наставник)	Листа за набљудување на час, извештај	Фокус на цели, интеракција, формативно , сумативно оценување Меѓупредметни цели
Настава по стручни предмети	Наглени часови Заеднички часови по различни предмети Меѓусебни посети на час на различни професори	Директор Стручна служба	Септември - јуни (1-2 пати по наставник)	Листа за набљудување на час, извештај	Фокус на цели, интеракција, формативно , сумативно оценување Меѓупредметни цели

16.4. Самоевалуација на училиштето

(*Во годишната програма за средно училиште, се опишува планот за самоевалуација, кој претставува внатрешна проверка на квалитетот на работата на училиштето врз основа на утврдени области, стандарди и индикатори (тие што се приоритет за учебната година за која се изработува годишната програма) според Правилникот за самоевалуација на училиштата. Во овој дел се наведуваат: членовите на Комисијата за самоевалуација, со име, презиме и улога (директор, наставници, стручни соработници, административен кадар, родител и ученик). Планот за спроведување на самоевалуација треба да опфаќа: области кои ќе бидат предмет на евалуација, методологија, временска рамка, начин на користење на резултатите за подобрување на квалитетот на наставата и организацијата, план за информирање на наставничкиот и стручниот кадар, родителите и учениците за резултатите од самоевалуацијата.*)

Тим за самоевалуација во Средно општинско училиште ,,Таки Даскало'' – Битола:

1. **Ристо Грујовски** – директор, претседател;
2. **Даниела Митревска** – Пом. директор, член;
3. **Марија Младеновска- Димитровска**–психолог ментор, член;
4. **Наташа Ралевска- Вучкова**–психолог, член;
5. **Доминика Русомарова**–психолог, член;
6. **Весна Мундишевска- Велјановска** – наставник-ментор, член;
7. **Милица Димитријовска- Радевска** – наставник, член;

Задачи наТимот:

- Ја планира и организира самоевалуацијата научилиштето;
- Ги утврдува областите и подрачјата што ќе бидат предмет на самоевалуација;
- Определува начини и инструменти за прибирање податоци;
- прибира и анализира релевантни податоци за работата на училиштето;
- користи податоци од различни извори;
- ги следи постигнувањата на учениците;
- ја анализира воспитно-образовната работа;
- ја анализира соработката со родителите и локалната заедница;
- ја анализира училишната клима и безбедноста;
- ги разгледува условите за работа и расположливите ресурси;
- ги утврдува силните страни на училиштето;
- ги идентификува слабостите и областите во кои е потребно подобрување;
- предлага приоритети за подобрување;

- предлага конкретни мерки и активности;
- го следи спроведувањето на предложените мерки;
- подготвува извештај за спроведената самоевалуација

Области на евалуација	Стандарди/индикатори	Методи и инструменти	Временска рамка	Одговорни членови од комисијата	Забелешки
ПОДРАЧЈЕ 1: Планирање и организирање на наставата	Стандард 1.1 Реализација на наставните планови и програми Стандард 1.2 квалитет на наставните планови и програми Стандард 1.3. Воннаставни активности	Анкета со наставници, анализа на годишни програми Преглед на планирањата на наставниците Анализа на реализацијата на воннаставните активности	Октомври Во текот на учебната година	Директор, Помошник-директор, тим за самоевалуација, психолошко-педагошка служба	Фокус на усогла-сеност со наставните планови и програми
ПОДРАЧЈЕ 2: Постигања на учениците	Стандард 1.1. Постигања на учениците Стандард 1.2. Осипување на учениците Стандард 1.3.Повторување на учениците	Преглед на постигањата на учениците, извештаи за постигањата, Извештаи од посета на часови, записници од класни совети Извештаи за реализација на дополнителна и додатна настава Анкетни прашалници Чек – листи Следење на осипувањето, преглед на изостаноците, листи за премин, анализа на отсуствата на учениците Тримесечни, полугодишни и годишни извештаи Евиденција за повторени ученици, анализа на причините за повторување на учениците	Во текот на учебната година	Директор, Помошник-директор, тим за самоевалуација, психолошко-педагошка служба	Фокус на постигањата на учениците и напредокот, начинот на оценување Анализа на причините за осипување на учениците и за повторување
ПОДРАЧЈЕ 3: Учење и настава	Стандард 1.1.Планирање на наставниците	Следење на планирањата на наставниците, извештаи од преглед на планирањата Следење на планирањата по ИОП	Во текот на учебната година	Директор, Помошник-директор,	Фокус на квалитетот на планирањата на наставниците, ИОП,

	Стандард 1.2.Наставен процес Стандард 1.3. поттикнување на учениците и мотивирање во наставниот процес	Извештаи на стручните активи Извештаи за работата на УИТ, стручната служба Анкети за меѓупредметни цели Извештаи од следење на наставата Анализа на тестови, наставни ливчиња, чек листи Инструменти за следење и вреднување на работата ма маставниците Анкети за ученици за утврдување на мотивацијата за учење, за следење и вреднување на училишната клима, за следење на комуникацијата со наставниците, Извештаи за учества на учениците на натпревари Извештаи за вклученоста на учениците во воннаставните активности,		тим за самоевалуација, психолошко-педагошка служба	Анализа на квалитетот на изведување на наставниот процес, анализа на степенот на задоволство на учениците и мотивацијата за учење и за напредок, вклученост во натпревари и во воннаставни активности
ПОДРАЧЈЕ 4: Поддршка на учениците	Стандард 1.1. Поддршка и севкупна грижа за учениците	Извештаи и анализи за реализирани превентивни активности за учениците (работилници, предавања, трибини) за грижа за нивното физичко и ментално здравје Извештаи за реализирани инфрастрктурни проекти за подобрување на условите за учење Планови за заштита и спасување Опрема и други нагледни средства Правилници и процедури за превенција од психоактивни супстанции Извештаи од реализирани активности со локалната заедница Извештаи од работата на стручна служба	Во текот на учебната година	Директор, Помошник-директор, тим за самоевалуација, психолошко-педагошка служба	Фокус на реализацијата на превентивните програми во училиштето во делот на грижата за физичкото и менталното здравје на учениците
ПОДРАЧЈЕ 5: Училишна клима и односи во училиштето	Стандард 1.1 Подобрување на училишната клима и односи во училиштето Стандард 1.2. Промовирање на постигањата	Анализа на училишната клима и односите во училиштето, извештаи и анализи од спроведување на проекти поврзани со училишната клима Извештаи од стручната служба, примена на кодексите на однесување и правилници Анкети за испитување на степеност на заемно почитување и рамноправен однос, анкети за почитување на правата на децата, за реализирани	Во текот на учебната година	Директор, Помошник-директор, тим за самоевалуација, психолошко-педагошка служба	Фокус на градење на позитивна училишна клима и одноои, степенот на почитување на правата на децата, градење на училиште на

		активности, работилници за мултукултурализам Анализа на постигањата на учениците на натпревари, настапи, прилози во весници, печатени и електронски медиуми, веб и фејсбук страна на училиштето			деморатски вредности, толеранција, рамноправност и почитување на различностите
ПОДРАЧЈЕ 6: Ресурси	Стандард 1.1 Подобрување на просторните капацитети Стандард 1.2 Наставни средства и материјали Стандард 1.3.Следење на напредокот на наставниот кадар и професионалниот развој на наставниот кадар	Извештаи за реализирани инфраструктурни проекти, набавка на опрема и наставни средства Годишен извештај на училиштето Увид во документација од планирани и набавени средства, материјали и опрема, компјутери, телевизори, смарт табли, финансиски извештаи на училиштето, финансиски план на училиштето, план за јавни набавки Увид во набавка на учебници и книги Извештаи за работата на библиотеката Анкети со учениците и наставниците Анализа на програмата за професионален развој на наставниот кадар, личните планови за кариерен развој и напредување увид во личните професионални досиеја на наставниот кадар, извештаи за професионален развој на наставниот кадар и анализа на потребите на наставниот кадар за кариерно напредување, увид во искористеноста на внатрешните ресурси на наставниот кадар	Во текот на учебната година	Директор, Помошник-директор, тим за самоевалуација, психолошко-педагошка служба финансиска служба правна служба Тим за стратешко планирање Тим за квалитет Тим за самоевалуација	Фокус на подобрување на просторно-техничките услови на училиштето и набавка на компјутери, смарт табли, современи наставни средства, опрема и литература, учебници Фокус на потребите на наставниот кадар за професионален развој
ПОДРАЧЈЕ 7: Раководење и управување	Стандард 1.1.Управување и раководење на училиштето креирање политика Стандард 1.2. Развојно планирање на училишето	Увид во документацијата и извештаи за работата на Училишниот одбор, на директорот, деловник за работа на УО, одлуки и записници Формирање тимови и извештаи за работата на тимовите, Годишен извештај, годишна програма на училиштето Увид во Развојната програма на училиштето	Во текот на учебната година	Директор Училишен одбор Тим за стратешко планирање Тим за квалитет Тим за самоевалуација Комисија за Развојна програма	Фокус на креирање на училишна политика која ќе промовира развој на училиштето и следење на современите текови во образованието

17. Безбедност во училиштето

(*Во овој дел се опишуваат активностите и мерките што ги презема училиштето за да обезбеди физичка и психо-социјална безбедност на учениците, наставниците и вработените. Се наведуваат: програма за лична и колективна заштита и безбедност, прилагодена на возраста и развојното ниво на средношколците; мерки за превенција и заштита од природни и други несреќи; план за евакуација на учениците и вработените кој треба: да биде јавно објавен и јасно означен во училиштето, да се применува преку редовни вежби (најмалку двапати годишно); план и реализација на обуки и курсеви за: прва помош (во соработка со Црвен крст или други стручни организации), заштита и спасување (во соработка со Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување и други институции); посебни мерки за заштита на ученици со попреченост, со обезбедување асистенција и безбеден пристап во итни ситуации.*).

Активност/Мерка	Целна група	Временска рамка	Одговорни лица / Соработници	Начин на спроведување	Забелешки
Обука за превенција од употреба на дроги во училиштата	Ученици од II, III и IV година	Ноември 2026-Февруари 2027	• Филип Џокоски • Наташа Ралевска-Вучкова • Стручна служба	Предавање, интерактивна презентација, дискусија со учениците и споделување едукативни материјали.	Влезна анкета – пред започнување на обуката, за утврдување на почетното ниво на информираност. Излезна анкета – по завршување на обуката, за проценка на стекнатите знаења и ставови.
Презентација по повод светскиот ден на менталното здравје	Ученици од I до IV година	Октомври 2026	• Марија Младеновска-Димитровска • Филип Џокоски	Предавање, интерактивна презентација, дискусија со учениците и споделување едукативни материјали.	Спроведени се анонимни скрининг-прашалници за стрес, расположение и психолошка благосостојба, со едукативна и превентивна цел
Предавање на тема “Булимија и анорексија кај адолесценти“	Ученици од I до IV година	Ноември 2026	• Марија Младеновска-Димитровска • Филип Џокоски	Предавање за штетните последици од булимијата и анорексијата врз менталното и физичкото здравје кај младите	Спроведени се анонимни скрининг-прашалници за застапеноста на булимијата и анорексијата меѓу младите
Презентација по повод Светскиот ден за борба против СИДА и полови преносливи заболувања	Ученици од II до IV година	Декември 2026	• Филип Џокоски • Стручна служба	Предавање, интерактивна презентација, дискусија со учениците и споделување едукативни материјали.	Влезна анкета – пред започнување на обуката, за утврдување на почетното ниво на информираност. Излезна анкета – по завршување на обуката, за

					проценка на стекнатит е знаења и ставови.
Исхрана кај адолесценти	Ученици од II и III година – техничар за козметичка нега и убавина и хотелско-туристички техничар	Ноември 2026	• Филип Џокоски • Наташа Петровска • Стручна служба	Предавање, интерактивна презентација, дискусија со учениците и споделување едукативн и материјали.	Учениците практично ќе подготвуваат и готват здрави и балансирани оброци, со примена на принципите на правилна исхрана кај адолесцентите.
Здравствени навики кај популацијата – Презентација по повод светскиот ден на здравјето	Ученици од I до IV година	Април 2027	• Филип Џокоски • Стручна служба	Предавање, интерактивна презентација, дискусија со учениците и споделување едукативни материјали.	Влезна анкета – пред започнување на обуката, за утврдување на почетното ниво на информираност. Излезна анкета – по завршување на обуката, за проценка на стекнатите знаења и ставови.
Важност од влијаението на исхраната како надворешен фактор врз нега на кожата	Ученици од III и IV година, профил Техничар за козметичка нега и убавина	Септември 2026	• Славица Јовевска	Предавање, интерактивна презентација, дискусија со учениците	Учениците ќе се запознаат со влијанието на исхраната и нутритивниот состав на намирниците врз здравствената состојба и текот на одредени заболувања.
Обука за безбедност и здравје при работа и препознавање опасности на работно место	Ученици од II година	Октомври	Наставник за практична настава, стручна служба	Теоретска обука, дискусија и анализа на ризици	Евиденција за присуство
Права и обврски на работниците и работодавачите	Ученици од III и IV година	Ноември	Координатор за УПР, претставник од компанија	Работилница и студии на случај	Пополнети работни листови
Постапување во итни случаи, евакуација и прва помош	Ученици од II, III и IV година	Декември	Стручна служба, Црвен крст, наставници	Практична демонстрација и симулации	Извештај од активноста
Безбедносни знаци и лична заштитна опрема	Ученици од II и III година	Јануари	Координатор за УПР, наставници и ментори	Работилница, дискусија и практични активности	Краток извештај и евалуација

Проценка на ризици и мерки за заштита	Ученици од III и IV година	Февруари	Координатор за УПР, наставници и ментори	Работилница, дискусија и практични активности	Краток извештај и евалуација
Здрави навики и заштита на животната средина	Сите ученици во УПР	Март	Координатор за УПР, наставници и ментори	Работилница, дискусија и практични активности	Краток извештај и евалуација
Комуникација и однесување во компанија	Ученици од III и IV година	Април	Координатор за УПР, наставници и ментори	Работилница, дискусија и практични активности	Краток извештај и евалуација
Постапување при конфликтни ситуации и тимска работа	Ученици од III и IV година	Мај	Координатор за УПР, наставници и ментори	Работилница, дискусија и практични активности	Краток извештај и евалуација
Евалуација на УПР и безбедносни практики	Сите ученици	Јуни	Координатор за УПР, наставници и ментори	Работилница, дискусија и практични активности	Краток извештај и евалуација

18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

Активност/Област	Простор/Објект	Одговорни лица	Временска рамка	Начин на контрола	Забелешки
Чистење и дезинфекција на училниците	Сите училници во двете згради	Хигиеничар, ученици	Дневно/по настава	Записници, визуелна проверка на работните површини, алатите и прибоот за работа	Спроведува хигиенски надзорник
Едукација за лична хигиена	Ученици	Стручна служба + класни раководители	Септември, февруари	Предавање/работилница	Теми: миење раце, лична хигиена, облека
Стандарди за квалитет во фармацевтско-козметичката индустрија Улогата на мерките за претпазливост и хигиената во угостителството	Ученици од техничар за козметичка нега и убавина и хотелско-туристички техничар	• Филип Џокоски • Наташа Петровска • Стручна служба	Март 2027	Предавање/работилница	Теми:Асептична постапка на изработка, одржување степен на чистота, HACCP систем, инфективни заболувања, алергии.
Хигиена и безбедност при козметичките третмани за нега на лице и тело	Ученици од III и Ivгодина од образовниот профил техничар за козметичка нега и убавина	• Славива Јовевска • Марија Китаноска - Кочовски	Јануари 2027	Предавање/работилница	Практична демонстрација на правилно чистење и дезинфекција на работните површини и приборот, како и подготовка и хигиенска обработка на кожата пред изведување на козметички третман

18.2. Систематски прегледи

Во текот на учебната година, училиштето организира задолжителни систематски прегледи за учениците од **I и IV година** (како и за сите вонредни прегледи по потреба), согласно Законот за здравствена заштита и Календарот за превентивни прегледи на учениците од средните училишта.Учениците при упис во прва година покрај други документи доставуваат и вакцинален статус на ученикот како би се имало целосна евиденција за примени вакцини и извршени систематски прегледи во основно училиште.

Организација и спроведување на прегледите

- **Соработка со здравствена установа:** Систематските прегледи се реализираат во соработка со овластениот Здравствен дом – Центар за јавно здравје, (Служба за училишна медицина).Училиштето уште на почетокот на учебната година доставува списоци од учениците со барани податоци за истите.
- **Термини и распоред:** Прегледите се планираат и спроведуваат во термини што не го нарушуваат редовниот наставен процес — пред почетокот или по завршувањето на часовите за соодветната смена (или во дводневни блокови со приспособен распоред).
- **Одговорни лица и координација:** Учениците на прегледите ги придружува и координира нивниот одделенски/класен раководител или член на стручната служба (педагог/психолог). Одговорното лице ја води комуникацијата со ЦЈЗ ,родителите/старателите, ги известува за терминот и местото на прегледот и се грижи за безбедноста и дисциплината за време на посетата.
